МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# Годишен извештај
# за преземените активности и постигнатиот напредок во воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите во Република Северна Македонија во 2022 година

2023 година

СОДРЖИНА

1. Вовед и приоритети на Владата на Република Северна Македонија во областа на еднаквите можности

2.Анализа на состојбата и реализирани активности во областа на еднаквите можности на жените и мажите, на национално и на локално ниво, во Република Северна Македонија, за 2022 година, по клучни области, според последните официјални податоци

2.1 Родово базирано насилство

2.2 Трговија со луѓе

2.3 Родово одговорно буџетирање

3. Медиуми

4. Механизми на заштита

5. Развој на родовата еднаквост на локално ниво

6. Заклучоци и препораки

Прилог: Анекс-листа на ОДУ и на ЕЛС кои доставиле годишни извештаи за 2022 година до Министерството за труд и социјална политика

# Листа на кратенки

АППРСМ- АГЕНЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ГИЗ – ГЕРМАНСКО ДРУШТВО ЗА ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

ГМП – ГАРАНТИРАНА МИНИМАЛНА ПОМОШ

ДЗС- ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

ЕЛС – ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ЖМБ- ЖЕНИ МИР И БЕЗБЕДНОСТ

ЖТ – ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА

ЗЕМЖМ- ЗАКОН ЗА ЕДНАКВОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

ИОМ – МЕЃУНАРДОНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МИГРАЦИЈА

ИПА – ИНСТРУМЕНТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ

КЕМ- КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

КИП- ПРОГРАМА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ, ИНОВАЦИИ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО

КСЗД – КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

МВР- МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

МЗ – МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

МЗШВ-МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

МТСП- МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

НАП- НАЦИОНАЛЕН АКЦИСКИ ПЛАН

НМУ – НАЦИОНАЛНИ МЕХАНИЗМИ НА УПРАВУВАЊЕ

ОДУ – ОРГАНИ НА ДРЖАВНА УПРАВА

ПЖТЛ – ПОТЕНЦИЈАЛНИ ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

ПИОМ- ФОНД ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО  ОСИГУРУВАЊЕ

РБН- РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО

РОБ – РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

РСМ- РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

СЗО- СВЕТСКА ЗДРАВСТВЕНА ОРГАНИЗАЦИЈА

СЕ – СОВЕТ НА ЕВРОПА

СН- СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

ТСЛ- ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

УНДП – ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

УНФПА- ФОНД ЗА НАСЕЛЕНИЕ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

УЈП – УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ФЗОРСМ- ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЕМ-ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

## 1. Вовед и приоритети на Владата на Република Северна Македонија во областа на еднаквите можности

Овој годишен извештај е подготвен и се доставува во согласност со член 12, став 1, алинеја 14, од Законот за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ" 201/2015).

Република Северна Македонија има широка правна рамка за промовирање и воспоставување еднакви можности на жените и мажите која овозможува унапредување на положбата на жената во сите сфери на општественото живеење.

Воведувањето на концептот за родова еднаквост на жените и мажите во сите институции и унапредувањето на родовата еднаквост претставуваат врвни приоритети на Владата на РСМ и за 2022 година, имајќи предвид дека родовата еднаквост е еден од клучните аспекти за просперитетот на целото општество и обврска за државата која произлегува од Агендата за одржлив развој 2020 – 2030.

Во периодот на изработка на извештајот Министерството за труд и социјална политика заедно со работна група и експертска поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје работи на нов Предлог Закон за родова еднаквост кој ќе придонесе за јакнење на владеењето на правото, преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите, изградба на независни институции и функционален систем на локална самоуправа  со повеќе приоритетни цели: унапредување на родовата еднаквост во сите области од јавниот и приватниот живот  и вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките на буџетите; воведување на концептот на еднаквост и недискриминација; јакнење на владеењето на правото преку непристрасно и недискриминирачко спроведување на законите; унапредување на човековите права и создавање на институционални капацитети за нивна ефикасна заштита. Овој закон исто така ќе придонесе да се надминат пречките и недостатоците во ефикасното обезбедување на еднаквост и елиминирање на стереотипите преку зајакнување на положбата и статусот на жената во општеството, еднаков пристап до ресурси и еднакво учество во донесување на одлуки во сите сфери на  јавниот и приватниот живот .

Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 година е усвоена на 28.07.2022 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија и е објавена во Службен Весник на Република Северна Македонија  бр. 170/2022.

Изработен е и Национален акциски план за родова еднаквост 2022-2024 со фискални импликации.

Исто така изработена е Националната стратегија за еднаквост и недискриминација 2022-2026 година со експертска поддршка од Мисијата на ОБСЕ и истата е усвоена на 25 мај 2022 година од страна на Владата на Република Северна Македонија. Врз основа на оваа стратегија подготвен е Национален акциски план 2022 – 2024 (НАП) со фискални импликации и Владата на Република Северна Македонија  донесе Решение за формирање на Националното координативно тело за следење на состојбите со недискриминација и реализацијата на законите, подзаконските акти и стратешки документи во оваа област (Сл. весник бр. 218 од 10.10.2022).

За спроведувањето на политиката, како на локално ниво така и на национално ниво, воспоставени се институционални механизми кои, како надлежни субјекти, се одговорни за преземање активности во својот ресор, со кои се унапредуваат и се промовираат еднаквите можности на жените и мажите.

Голем исчекор во унапредувањето на родовата еднаквост е направен со отворањето на **Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање** од страна на **Министерството за труд и социјална политика**, во рамки на проектот „Промовирање на родово одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија", имплементиран од **UN Women**, со финансиска поддршка од **Швајцарија и Шведска**, во март 2022 година. Во Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и буџетирање до крајот на 2022 се спроведени 31 обука на 10 теми, додека вкупен број на обучени лица се 401. Бројот на спроведени обуки на теми кои се однесуваат на родовата еднаквост е 18 и обучени се 199 лица. Целна група на обуките на тема родова еднаквост беа јавната администрација на централно ниво (претставници од секторите за стратешко планирање, финансии, буџет и координаторите/ките за еднакви можности на жените и мажите од сите министерства, како и административни службеници со релативно кратко искуство во работата од сите министерства).

Број на спроведени обуки на тема дискриминација се 13 и обучени се 202 лица. Целна група на обуките на тема дискриминација беа јавната администрација на централно ниво, општински претставници како и ромски медијатори.

**Државниот завод за ревизија** согласно својата годишна програма за 2022 година спроведе Ревизија на успешност со цел да даде оценка за состојбата со родовата еднаквост во државата и институциите и да даде придонес во зголемување на ефективноста на процесот на воведување на родовата еднаквост , преку утврдување на одредени слабости/недореченостиво законската и подзаконската регулатива, надлежноста, финансирањето, кадровската екипираност, комуникацијата и соработката со институциите надлежни за воспоставување на родовата еднаквост во република северна Македонија, следење на степенот на реализација на целите и мерките и активностите кои ги преземаат надлежните институции за подобрување на состојбите во областа на шредмет на ревизија.

Спроведените ревизорски активности и обезбедените ревизорски докази укажуваат дека мерките и активностите кои ги преземаат надлежните институции не се доволни за да обезбедат ефективно воспоставување на концептот на еднаквите можностина жените и мажите во процесите на креирање и спроведување на политиките, следење на постигнувањето на целите на РОБ во сите фази од циклусот на креирање на политики : откривање и проценка на проблемот, буџетирање , спроведување , следење и евалуација и отварување на целите од Агендата за одржлив развој 2020-2030.

По законската обврска да достават годишен извештај за воспоставувањето еднакви можности на жените и мажите, постапиле вкупно **73 ЕЛС и 33 орган на државната управа** (Анекс-листа на ЕЛС и ОДУ кои доставиле извештаи).

## 2. Анализа на состојбата и реализирани активности во областа на еднаквите можности на жените и мажите, на национално и на локално ниво, во Република Северна Македонија, за 2022 година, по клучни области, според последните официјални податоци

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2022 година, вкупно работоспособно население во Република Северна Македонија изнесува 1 464 493лица, од

кои активно население на пазарот на труд се 808 078 лица, од кое 692 034 се вработени, а 116 045лица се невработени. Стапката на активност во овој период изнесува 55.2%, стапката на вработеност 47.3%, додека стапката на невработеност изнесува 14,4 %.[1]

**T-01: Активно население и стапки на активност[1)]**

**T-01: Labour force and activity rates[1)]**

| | Вкупно работоспособно население<br><br>Total working age population | Активно население<br><br>Labour force | | | Стапка на активност<br><br>Activity rate | Стапка на вработеност<br><br>Employment rate | Стапка на невработеност<br><br>Unemployment rate |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | вкупно<br>Total | вработени<br>Employed | невработени<br>Unemployed | | | |
| **2021** | **1 468 734** | **819 892** | **693 494** | **126 398** | **55,8** | **47,2** | **15,4** |
| I 2022 | 1 466 819 | 811 251 | 691 842 | 119 409 | 55,3 | 47,2 | 14,7 |
| II 2022 | 1 465 225 | 810 453 | 693 177 | 117 276 | 55,3 | 47,3 | 14,5 |
| III 2022 | 1 463 901 | 808 328 | 693 062 | 115 266 | 55,2 | 47,3 | 14,3 |
| IV 2022 | 1 462 025 | 802 280 | 690 053 | 112 227 | 54,9 | 47,2 | 14,0 |
| **2022** | **1 464 493** | **808 078** | **692 034** | **116 045** | **55,2** | **47,3** | **14,4** |

[1)] Поради пресметките од примерокот и извршените заокружувања на пресметаните резултати на единици, понекогаш се можни мали отстапувања на оцените кај вкупното од резултатите добиени со сумирање одделни ставки што ги составуваат збировите.

- ***Економија и пазар на труд***

Кога станува збор за економијата, како и за пазарот на труд во Република Северна Македонија, за 2021 година, како и за 2022 година, Државниот завод за статистика направи компаративна анализа на работоспособното население според економската активност, по возрасни групи и по пол, во Република Северна Македонија.

**T-03: Работоспособно население според економската активност, по возрасни групи и по пол**

**T-03: Working age population by economic activity, age groups and gender**

| Возраст/Age | Вкупно/Total | | Работна сила Labour force | | Вработени Employed | | Невработени Unemployed | | Неактивно население Inactive population | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2021 | 2022 | 2021 | 2022 | 2021 | 2022 | 2021 | 2022 | 2021 | 2022 |
| **Вкупно/Total** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно/Total** | 1 468 734 | 1 464 493 | 819 893 | 808 078 | 693 494 | 692 034 | 126 398 | 116 045 | 648 842 | 656 415 |
| 15-24 | 210 626 | 209 297 | 61 889 | 59 483 | 39 546 | 40 127 | 22 344 | 19 356 | 148 737 | 149 814 |
| 25-49 | 621 217 | 617 158 | 509 594 | 506 340 | 436 079 | 434 544 | 73 515 | 71 796 | 111 622 | 110 818 |
| 50-64 | 378 634 | 375 354 | 236 897 | 232 044 | 206 581 | 207 185 | 30 316 | 24 859 | 141 738 | 143 310 |
| 65 години и повеќе<br>65 years and over | 258 257 | 262 684 | 11 512 | 10 210 | 11 288 | 10 177 | : | : | 246 745 | 252 473 |
| 15-29 | 326 909 | 323 200 | 153 030 | 148 838 | 110 953 | 111 334 | 42 077 | 37 503 | 173 879 | 174 362 |

[1] https://www.stat.gov.mk/pdf/2023/2.1.23.05_mk.pdf

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 15-64 | 1 210 477 | 1 201 809 | 808 380 | 797 868 | 682 206 | 681 856 | 126 174 | 116 011 | 402 097 | 403 942 |
| 20-64 | 1 106 390 | 1 098 785 | 799 498 | 791 696 | 677 544 | 678 636 | 121 954 | 113 060 | 306 892 | 307 089 |
| **Мажи/Men** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно/Total** | 726 429 | 724 194 | 485 066 | 479 841 | 404 362 | 404 673 | 80 704 | 75 167 | 241 362 | 244 354 |
| 15-24 | 107 929 | 107 310 | 39 149 | 38 596 | 25 815 | 27 212 | 13 334 | 11 384 | 68 780 | 68 715 |
| 25-49 | 313 182 | 311 506 | 289 743 | 289 011 | 244 065 | 243 831 | 45 679 | 45 181 | 23 438 | 22 495 |
| 50-64 | 186 179 | 184 093 | 147 401 | 144 773 | 125 934 | 126 203 | 21 467 | 18 569 | 38 779 | 39 320 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 119 138 | 121 284 | 8 773 | 7 461 | 8 549 | 7 428 | : | : | 110 365 | 113 824 |
| 15-29 | 167 359 | 165 624 | 91 106 | 89 147 | 66 221 | 66 504 | 24 885 | 22 644 | 76 253 | 76 476 |
| 15-64 | 607 290 | 602 910 | 476 293 | 472 380 | 395 814 | 397 246 | 80 480 | 75 134 | 130 997 | 130 530 |
| 20-64 | 553 917 | 550 008 | 470 521 | 467 803 | 392 307 | 394 841 | 78 214 | 72 961 | 83 396 | 82 205 |
| **Жени/Women** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно/Total** | 742 306 | 740 298 | 334 826 | 328 237 | 289 132 | 287 360 | 45 695 | 40 877 | 407 479 | 412 061 |
| 15-24 | 102 697 | 101 987 | 22 740 | 20 888 | 13 730 | 12 916 | 9 010 | 7 972 | 79 957 | 81 099 |
| 25-49 | 308 035 | 305 652 | 219 851 | 217 328 | 192 015 | 190 713 | 27 836 | 26 615 | 88 184 | 88 323 |
| 50-64 | 192 455 | 191 261 | 89 496 | 87 272 | 80 647 | 80 982 | 8 849 | 6 290 | 102 959 | 103 990 |
| 65 години и повеќе 65 years and over | 139 119 | 141 399 | (2740) | (2750) | (2740) | (2750) | - | - | 136 379 | 138 649 |
| 15-29 | 159 551 | 157 576 | 61 924 | 59 690 | 44 733 | 44 830 | 17 191 | 14 860 | 97 627 | 97 886 |
| 15-64 | 603 187 | 598 899 | 332 087 | 325 488 | 286 392 | 284 611 | 45 695 | 40 877 | 271 100 | 273 412 |
| 20-64 | 552 473 | 548 777 | 328 977 | 323 894 | 285 238 | 283 794 | 43 739 | 40 099 | 223 496 | 224 884 |

Извор : Државен завод за статистика (https://www.stat.gov.mk/pdf/2023/2.1.23.05_mk.pdf)

Според резултатите добиени од анкетата за работна сила во 2022 година, Државниот завод за статистика, исто така, дава информации за населението на територијата на Република Северна Македонија, на возраст од и над 15 години и се карактеризира според економската активност и полот.

## Население на возраст од и над 15 години според економската активност и полот

**Т-02: Население на возраст од 15 години и повеќе според економската активност и полот**

**T-02: Population aged 15 years and over by economic activity and gender**

| | 2021 | 2022 | | 2022 ------- 2021 | |
|---|---|---|---|---|---|
| | лица<br>persons | лица<br>persons | структура по пол<br>structure by gender | | |
| **Активно население** | | | | | **Labour force** |
| **Вкупно** | 819 893 | 808 078 | **100.0** | **98,6** | **Total** |
| Мажи | 485 066 | 479 841 | 59,4 | 98,9 | Men |
| Жени | 334 826 | 328 237 | 40,6 | 98,0 | Women |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вработени** | | | | | **Employed** |
| **Вкупно** | 693 494 | 692 034 | **100.0** | **99,8** | **Total** |
| Мажи | 404 362 | 404 673 | 58,5 | 100,1 | Men |
| Жени | 289 132 | 287 360 | 41,5 | 99,4 | Women |
| **Невработени** | | | | | **Unemployed** |
| **Вкупно** | 126 398 | 116 045 | **100.0** | **91,8** | **Total** |
| Мажи | 80 704 | 75 167 | 64,8 | 93,1 | Men |
| Жени | 45 695 | 40 877 | 35,2 | 89,5 | Women |
| **Неактивно население** | | | | | **Inactive population** |
| **Вкупно** | 648 842 | 656 415 | **100.0** | **101,2** | **Total** |
| Мажи | 241 362 | 244 354 | 37,2 | 101,2 | Men |
| Жени | 407 479 | 412 061 | 62,8 | 101,1 | Women |

Извор : Државен завод за статистика (https://www.stat.gov.mk/pdf/2023/2.1.23.05_mk.pdf)

**Министерството за труд и социјална политика, заедно со Агенцијата за вработување на РСМ**, со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2022 година ги утврдија програмите, мерките и услугите за вработување во насока на поддршка за креирање нови работни места и зголемување на вработливоста на невработените лица, посебно на младите лица, долгорочно невработените и корисниците на право на парична помош од социјална заштита (во понатамошниот текст: гарантирана минимална помош), како и поддршка на невработените лица на кои престанокот од работен однос беше регистриран во периодот на кризата предизвикана поради вирусот COVID 19 (од 11.03.2020 година).

И покрај големиот предизвик во реализацијата на Оперативниот план за 2022 година, поради светската пандемија од ковид-19 чии последици сеуште се чувствуваа и во 2022 како и енергетската криза , планот постигна висока реализација од 86,6 %,и беа опфатени 11.263 невработени лица од кои 5050 се жени . Овој висок степен на реализација се должи на посветеноста на сите институции кои учествуваа во имплементацијата на планираните активности во рамките на секоја програма и мерка. Притоа, беа реализирани **1.551.013.584** денари,

**Министерството за економија** Принципот на еднакви можности на жените и мажите го инкорпорираше во Стратешкиот план за 2023 – 2025 година на Министерството за економија.Формирана е Работна група за родова еднаквост, како и Работна група за планирање и спроведување на родово одговорно буџетирање во рамките на Министерството за економија;

Министерството за економија има изготвено Стратегија за развој на женското претприемништво, со Акциски план кој се имплементира во периодот 2019 – 2023.

Стратегијата за развој на женското претприемиштво во Република Северна Македонија, 2019-2023 има за цел економско јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија.

Стратегијата ја координира Владата на Република Северна Македонија преку Министерството за економија како носител на оваа стратегија.

Рамноправност во поглед на учество на пазарот на трудот Министерството за економија обезбедеди преку стимулативни критериуми во Мерката за субвенционирање микро, мали и средни претпријатија доколку апликантот е деловен субјект во сопственост и управуван од жена, како и обезбедување финансиска поддршка на женското претприемништво во туризмот. Во Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година, постои родово разделена статистика како и број на пристигнати и одобрени апликации исто и за Мерката за финансиска поддршка на женско претприемништво во туризмот од Програмата за развој на туризмот во РСМ за 2022 година.

| ***Програми/Мерки/*** | | ***Број на пристигнати апликации/*** | ***Вкупно одобрени Апликации/*** | ***Одобрени апликации - жени*** |
|---|---|---|---|---|
| *Програма за развој на претприемништвото и конкурентнота на мали и средни претпријатија за 2022 година/* | | 97 | 56 | 13 |
| *Мерка 1.* | *Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија/* | 64 | 33 | 6 |
| *Мерка 2.* | *Субвенционирање трошоци на занаетчии/* | 33 | 23 | 7 |
| *Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот* | | 7 | 3 | 3 |

Со Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на мали и средни претпријатија за 2022 година кофинансирани се трошоци по разни основи на вкупно 56 апликанти од кои вкупно 13 претпријатија во сопственост и управувани од жени.

Во Јавниот повик за Мерка 1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија беше наведено дека ќе се применува стимулативен критериум за апликантите-претпријатија кои се во сопственост на жени над 50% и управувани од жени, при што квалификувани беа претпријатијата кои вработуваат три лица односно најмалку две лица доколку апликантот е претпријатие во сопственост и управувано од жена.

Со реализација на Мерка 1. Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија субвенционирани се 33 претпријатија. Од вкупниот број на субвенционирани апликанти, 6 (18%) се претпријатија во сопственост и управувани од жени.

Со реализација на Мерка 2. Субвенционирање на трошоци за занаетчии субвенционирани се 23 апликанти од кои 7 (30,4%) се претпријатија во сопственост и управувани од жени.

Со Програмата за развој на туризмот во РС Македонија за 2022 година, за мерката Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот субвенционирани се 3 претпријатија во сопственост и управувани од жени.

За мерката Субвенционирање на микро, мали и средни претпријатија за 2022 година беше предвиден стимулативен критериум за апликантите-претпријатија кои вработуваат најмалку

три лица, односно најмалку две лица доколку апликантот е претпријатие во сопственост и управувано од жена.

Во Програмата за развој на туризмот во Република Северна Македонија за 2022 година предвидена е мерката Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот.

При спроведување на Програмата за развој на претприемништвото и конкурентноста на малите и средни претпријатија за 2022 година водени се родово разделени податоци како и предвиден е стимулативен критериум за Мерката за финансирање на микро, мали и средни претпријатија при што субвенционирани се претпријатија кои вработуваат најмалку три лица односно најмалку две лица доколку апликантот е претпријатие во сопственост и управувано од жена. Со Програмата кофинансирани се трошоци по разни основи на вкупно 56 апликанти од кои 13 (23,2%) се во сопственост и управувани од жени.

Во однос на финансиските средства за Мерката за финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот опбезбедени се средства во износ од 2.000.000,00 денари наменети за претпријатија во сопственост или управувани од страна на жени. Со Потпрограмата за поддршка и развој на туризмот и угостителството за 2023 година предвидена е мерка за Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот со одвоени средства во износ од 1.500.000,00 денари.

***Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија***, во 2022 година, Со Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2022 година (објавена во Службен весник на РСМ бр.95 од 18 април 2022 година), предвиде 13 мерки и програмски активности кои имаат за цел промоција и поддршка на претприемништвото во Република Северна Македонија, самовработување на невработените лица, менторирање на малите и средните претпријатија, зголемување на конкурентноста на постојните претпријатија и генерирање на нови работни места. За реализацијата на програмските активности АППРСМ поднесе годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија.Со програмските активности се опфатени повеќе целни групи, како што се невработените лица, малите и средните претпријатија, потенцијалните претприемачи, старт ап фирми, студенти и ученици, локални консултанти, жени претприемачи и други.

Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства со Буџетот на АППРСМ од вкупно средства 21.900.000,00 денари потрошени за жени во 2022 година се 8.399.750,00 денари.

1. Поддршка за самовработување (претприемништво)

   Во текот на 2022 година изработени се 1169 бизнис планови за носители-мажи клиенти и 740 бизнис планови за носители-жени клиенти.За жени носители - клиенти потрошени се вкупно 7.326.000,00 денари.

2. Ваучерски систем на советување

   Во 2022 година се издадени вкупно 54 ваучери за 38 клиенти во вкупен износ од 1.127.266,00 денари од кои 1.033.950,00 за МСП и 93.816,00 за невработени лица.Од вкупните 54 ваучери, 20 ваучери (за 12 клиенти) се за жени на вкупен износ од 327.750,00 денари или 29%.

3. Стандардизирани менторски услуги

   Во оваа програмската активност во 2022 година значајно е дека обучени се 3 жени ментори, менторирани беа 48 компании, од кои според староста 20 компании се новоформирани, а

28 компании се постоечки, т.е. функционираат на пазарот повеќе од три години. Од наведените 21 менторирани компании се раководени од страна на жени претприемачи. За оваа активност за жени се потрошени 630.000,00 денари.
4.Обуки за женско претприемништво
Во програмската активност во 2022 година беа организирани две обуки за жени претприемачи и жени потенцијални претприемачи, со вкупен опфат на 43 учеснички.За оваа активност потрошени се 116.000,00 денари.
За останатите програмски активности кои не се опфатени со буџетската изјава не располагаме за точното учество на жени и мажи изразено точно дефиниран паричен износ.

- ***Земјоделството и жените во руралните средини*** –нема извештај

Во декември 2022 година беше усвоена Програмата за поддршка за социјална сигурност на жените кои вршат земјоделска дејност од страна на Владата на Република Северна Македонија. Преку оваа Програма, земјоделките ќе имаат право на платен надомест во случај на спреченост на вршењето на земјоделската дејност поради раѓање. Ова право за жените земјоделки, кои не се опфатени со прописите за платено породилно отсуство од областа на работните односи, се остварува прв пат.Програмата обезбедува еднократна финансиска поддршка од 81 000 денари. Оваа помош е наменета за жените кои имаат статус на осигуреник-индивидуален земјоделец согласно Законот за пензиското и инвалидското осигурување и не можат да остварат платено породилно отсуство. Во 2022 година, преку соработката со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за труд и социјална политика, се изнајде соодветно решение преку Програмата за обезбедување на социјална сигурност за жените кои вршат земјоделска дејност. Програмата започна да се имплементира во 2023 година преку Министерството за земјоделство и Агенцијата за финансиска поддршка за земјоделство и рурален развој.

- ***Заштитата на животната средина и борбата со климатските промени***

Кон спроведувањето и исполнувањето на колективните институционални обврски во рамките на родовоодговорното буџетирање, Министерството за животна средина и просторно планирање и во 2022 донесе и изготви Програма за инвестирање во животната средина, вредна 98.000.000 денари.
Со реализација на Програмата за инвестирање во животната средина за 2022 година се следеше иницијативата за вклученост на родовата перспектива преку активности кои овозможуваат апликативен пристап за подеднакво учество и придобивки на жените и мажите.
Во Програмата за инвестирање во животната средина за 2022 година беше предвидено:
- поддршка на проекти кои промовираат вредности за унапредување на родовата еднаквост во областа на животната средина;

- водење на родово разделена статистика во рамки на активности и поддржани проекти од Програмата за инвестирање во животната средина;

- број на поднесени апликации и број на одобрени проекти кои ја поддржуваат родовата еднаквост во областа на животната средина;

- процент на средства кои се одобрени за реализација на проекти со кои се унапредува родовата еднаквост од вкупниот износ на одобрени средства во Програмата;

- вклучени критериуми за поддршка на родовата еднаквост во областа на животната средина

- број на активности со кои се охрабруваат граѓанските здруженија да аплицираат со проекти кои промовираат вредности за поддршка на родовата еднаквост

- ***Политиката и носењето одлуки***

Учеството на жените и мажите во јавниот сектор е избалансирано, но учеството на жените на ниво на извршни функции сè уште е многу ниско. Што се однесува на жените во јавниот сектор, треба да се забележи дека нивното учество во политиката се подобрува како резултат од постојаното подобрување на изборната регулатива.

Во јавниот сектор на Република Северна Македонија во 2022 година активни се 1.354 институции, во кои работен однос имаат засновано 129.374 лица. Од нив 18.909 лица се вработени во Армијата на Република Северна Македонија, Агенцијата за разузнавање, Агенцијата за национална безбедност, Министерството за внатрешни работи и органот во негов состав - Бирото за јавна безбедност, како и во органот во состав на Министерството за финансии – Управата за финансиско разузнавање со статус на овластени службени лица за кои во Регистарот се водат податоци само за бројот на вработени, но не и за нивната структура.

Во Извештајот е направена анализа на структурата на податоци за 110.465 вработени во јавниот сектор, од кои жени се 62.178, односно 56,29%, додека мажи се 48.287 односно 43,71%.

Просечната возраст на овие вработени изнесува 46,03 години, кај жените просекот е 45,24 години, додека кај мажите 47,04 години.

Од сите вработени, 1.674 се доктори на науки (ДОК), 3.494 се магистри (МАГ), 56.525 се со високо образование (ВСС), 1.493 се со вишо образование (ВИШ), 155 се со пост-средно (ПСС), 38.671 се со средно образование (ССС), а 8.453 се со основно образование (ОСН).

Во однос на етничката структура, 78.833 се Македонци, 23.855 се Албанци, 2.675 се Турци, 1.651 се Роми, 1.542 се Срби, 569 се Бошњаци, 527 се Власи, а 813 се други или не се изјасниле.

Заклучно со 31 декември 2022 година, во Регистарот на вработените во јавниот сектор се води евиденција за 1.354 институции на јавниот сектор. Споредено со извештајот за 2021 година кој содржеше податоци за 1.346 институции, бројот на институции на јавниот сектор е зголемен за 8. Доколку се разгледаат податоците за секоја од институциите одделно може да се види дека 9 се нови институции, а 1 институција е избришана.1

На 31.12.2022 година 129.374 лица имаат засновано работен однос во вкупно од 1.354 институции на јавниот сектор. Во однос на 2021 година, бројот на вработените во институции од јавниот сектор е намален за 2.714. Важно е да се напомене дека вкупниот број на вработените во јавниот сектор не соодветствува со вкупниот број на пополнети работни места, од причина што има вработени пред сè во областа на образованието и во здравството кои пополнуваат работни места во две или повеќе институции на јавниот

сектор (наставниците кои немаат полн фонд на часови се ангажираат во две или повеќе училишта, а професорите од медицинскиот факултет пополнуваат работни места и во здравствените установи и на факултетите).

Согласно со член 19 став (3) од Законот за вработените во јавниот сектор, за воениот и цивилниот персонал во служба на Армијата на Република Северна Македонија, за овластените службени лица во Министерството за одбрана, во Министерството за внатрешни работи и во органот во состав на Министерството за внатрешни работи-Бирото за јавна безбедност, во Агенцијата за национална безбедност, во Агенцијата за разузнавање, како и во органот во состав на Министерството за финансииУправата за финансиска полиција, во Регистарот се содржани единствено податоци за вкупниот број на овие вработени. Така, бројот на воен и цивилен персонал во служба на Армијата на Република Северна Македонија изнесува 6.559, бројот на овластени службени лица во Министерството за внатрешни работи и органот во состав на министерството (Биро за јавна безбедност) изнесува 11.694, бројот на овластени службени лица во Агенцијата за разузнавање е 224, Агенција за национална безбедност изнесува 368, а бројот на овластени службени лица во органот во состав на Министерството за финансии – Управа за финансиска полиција е 64. Вкупниот број на лица кои во регистарот влегуваат само како број, без структура на податоците изнесува 18.909.

Доколку се анализира распределбата на мажите и жените по вид и дејност на институции може да се заклучи дека жените се најмногу застапени во самостојните стручни органи - Агенцијата за квалитет на високото образование, каде процентуално учествуваат со 100%. Сепак, бројот на вработени во Агенцијата за квалитет на високото образование е многу мал за да влијае на генералната слика на половата застапеност. Оттука како вид на институции во кои жените се најмногу застапени ги издвојуваме Уставниот суд (77,27%), Советот на јавните обвинители (75%), Јавното обвинителство (71,03%) и јавните установи (68,82%). Од друга страна пак најголема застапеност на мажите има во јавните претпријатија (82,41%), а тие процентуално учествуваат со над 50% и во општините (57,89%), органите во состав на министерствата (58,03%), во министерствата (53,24%), како и во самостојни органи на државна управа (52,89%). Генерално, жените се позастапени во речиси сите видови на институции. Сепак, треба да се има во предвид дека од вкупната бројка на вработени во јавен сектор која се анализира по структура, изземени се Армијата на Република Северна Македонија, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи и органот во состав на министерството, Агенцијата за разузнавање, Агенцијата за национална безбедност и органот во состав на Министерството за финансии – Управа за финансиска полиција во кои мажите се позастапени.

Во однос на дејностите, жените се најзастапени во областа труд и социјала (82,99%), особено јавните установи за социјална и детска заштита. Исто така значително е процентуалното учество на жените и во уште два крупни сектори - здравство (72,72%) и образование (66,71%). Мажите од друга страна се најзастапени во дејноста животна средина (89,29%), а доминантно се застапени и во дејностите транспорт (85,51%) и комунални работи (83,74%).

Доколку се анализира просечната возраст по вид на институција, може да се забележи дека најголема просечна возраст од 49,05 години има кај јавните претпријатија, додека пак најмала просечна возраст од 39,01 година има кај секретаријатите на Влада на Република Северна Македонија.

| ВИД НА ИНСТИТУЦИЈА | Жени | Жени % | Мажи | Мажи % | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| ВЛАДА НА РСМ | 168 | 61,76 | 104 | 38,24 | 272 |
| Јавни претпријатија | 3033 | 17,59 | 14207 | 82,41 | 17240 |
| Јавни установи | 46904 | 68,82 | 21254 | 31,18 | 68158 |
| Јавно обвинителство | 277 | 71,03 | 113 | 28,97 | 390 |
| Министерства | 2214 | 46,76 | 2521 | 53,24 | 4735 |
| Народен правобранител | 53 | 63,10 | 31 | 36,90 | 84 |
| Народна банка | 243 | 55,35 | 196 | 44,65 | 439 |
| Општини | 2456 | 42,11 | 3376 | 57,89 | 5832 |
| Органи во состав на министерствата | 1798 | 41,97 | 2486 | 58,03 | 4284 |
| Правни лица со јавни овластувања | 835 | 59,52 | 568 | 40,48 | 1403 |
| Претседател на РСМ | 36 | 57,14 | 27 | 42,86 | 63 |
| Регулаторни тела | 219 | 53,28 | 192 | 46,72 | 411 |
| Самостојни државни органи | 501 | 63,02 | 294 | 36,98 | 795 |
| Самостојни органи на државна управа | 1583 | 47,11 | 1777 | 52,89 | 3360 |
| Самостојни стручни органи | 3 | 100 | 0 | 0 | 3 |
| Секретаријати во влада на рсм | 79 | 64,23 | 44 | 35,77 | 123 |
| Служба во влад ана РСМ | 184 | 51,98 | 170 | 48,02 | 354 |
| Собрание на РСМ | 161 | 63,89 | 91 | 36,11 | 252 |
| Совет на јавни обвинители | 6 | 75 | 2 | 25,00 | 8 |
| Судови | 1369 | 62,74 | 813 | 37,26 | 2182 |
| Судски совет | 22 | 66,67 | 11 | 33,33 | 33 |
| Уставен суд | 34 | 77,27 | 10 | 23,73 | 44 |
| Вкупно | 62178 | 56,29 | 48287 | 43,71 | 110465 |

Полова структира на вработени во различните видови институции од јавен сектор

| ВИД НА ИНСТИТУЦИЈА | Жени | Жени % | Мажи | Мажи % | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| Друга дејност од јавен интерес | 63 | 27,51 | 166 | 72,49 | 229 |
| Други телекомуникациски дејности | 10 | 40,00 | 15 | 60,00 | 25 |
| Животна средина | 12 | 10,71 | 100 | 89,29 | 112 |
| Законодавна власт | 161 | 63,89 | 91 | 36,11 | 252 |
| Здравство | 14708 | 72,72 | 5517 | 27,28 | 20225 |
| Земјоделие , шумарство | 417 | 17,84 | 1921 | 82,16 | 2338 |
| Информатичко општество | 35 | 19,77 | 142 | 80,23 | 177 |
| информирање | 351 | 47,56 | 387 | 52,44 | 738 |
| Комунални работи | 1620 | 16,26 | 8342 | 83,74 | 9962 |
| Култура | 1697 | 49,78 | 1712 | 50,22 | 3409 |
| Локална власт | 2456 | 42,11 | 3376 | 57,89 | 5832 |
| Образование | 24864 | 66,71 | 12409 | 33,29 | 37273 |
| Правда | 214 | 20,78 | 816 | 79,22 | 1030 |
| Правосудство | 1674 | 64,06 | 939 | 35,94 | 2613 |
| Претседател | 36 | 57,14 | 27 | 42,86 | 63 |
| Транспорт | 551 | 14,49 | 3251 | 85,51 | 3802 |
| Труд и социјала | 6288 | 82,99 | 1289 | 17,01 | 7577 |
| Управа | 6733 | 47,05 | 7577 | 52,95 | 14310 |
| Уставен суд | 34 | 77,27 | 10 | 22,73 | 44 |
| Финансии | 254 | 55,95 | 200 | 44,05 | 454 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно | 62178 | 56,29 | 48287 | 43,71 | 110465 |

**Полова структура по дејности**

- ***Здравство***

Министерството за здравство согласно насоките од генерален секретаријат за вклучување на родовата перспектива во стратешките документи, во процесот на креирање на програмите за 2022 година се предвиде програмски задачи во Националната годишна програма за јавно здравје, Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца, Програма за рана детекција на малигни заболувања. Речиси сите податоци и анализи се направени со приказ на состојбите според пол. Оваа иницијатива резултираше со обука на сите одговорни лица за стратешко планирање вклучувајки ја и родовата перспектива во секоја од програмите но сепак некои од програмите не успеаја да го вметнат принципот на еднакви можности поради специфичност на програмата (на пример набавка, тендер, и специфични активности насочени кон одредена категорија на лица).

- ***Образование и наука***

Министерството за образование и наука продолжи со Спроведувањето на новата Концепција за основно образование (од март 2021) и оваа учебна година.

Концепција се потпира на инклузивноста, родовата сензитивност/рамноправност и интеркултурноста како клучни принципи и е директно поврзана со Националните стандарди за основно образование, што ги даваат насоките кон кои треба да се стреми целокупната организација и реализација на воспитно-образовниот процес во основните училишта.

Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.

Концепцијата исто така уредува: ,,Промовирање на родовата рамноправност преку образованието е стимулирање на учеството на учениците во наставните и вонннаставните активности независно од полот, односно спротивно на стеретипните очекувања поврзани со полот/родот.” Во секоја од новите настави програми има посебно поглавје насловено: ,,Инклузивност, родова рамноправност/сензитивност, интеркултурност и меѓупредметна интеграција". Со ова се издигнува родовата еднаквост и заштита од дискриминација по било кој основ во наставните програми, учебници и наставни материјали, на едно малку повисоко ниво и се стимулираат и наставниците и учениците повеќе да размислуваат на овие теми и секој како единка, како може да придонесе за унапредување на овие прашања.

Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација, кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.

Донесени се нови наставни програми за второ и петто одделение, согласно новата концепција за основно образование и се применуваат во училиштата од 1.09.2022 .

Започната е постапка за одобрување на нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение, согласно новите наставни програми (кои промовираат родова еднаквост и недискриминација), врз основа на објавениот Конкурс од страна на Педагошката служба на 25.3.2022г.

Од страна на БРО изработени се материјали за учење за првото тромесечје, за учениците од прво, второ, четврто и петто одделение, согласно новите наставни програми. Истите се испечатени од страна на МОН (Проект PEIP) и доставени се до сите училишта.
Во 2021/2022 година беше пилотирана програмата за Сеопфатното сексуално образование со која беа опфатени 85 ученици од три основни училишта кои ја завршија 36-часовната програма за ССО во 2022. Пилот-програмата ја спроведе Бирото за развој на образованието.
Во 2022 година, Бирото за развој на образованието изработи Нацрт-национална стратегија за ССО во основните училишта 2023-2030, кое предвидува воведување на ССО во сите основни училишта во 9то оддление. Насилството е една од седумте компоненти кои се опфаќаат со ССО.
Во тек се активностите за носење на нов Закон за средно образование и нова Концепција за средно образование кои како и Концепцијата за основно образование и Законот за основно образование, ќе се темелат на промовирање на инклузивност, родова рамноправност, толеранција и недискриминација по било каков основ.

Во 2022 година БРО изготви Каталог за акредитирани програми за наставници и Каталог за стручни соработници. Обуките ги поминаа вкупно 16.803 наставници 261 стручен соработник, што е речиси 88% од вкупниот број на наставници во основното образование. Покрај другите обуки во каталогот има и обуки кои ја опфаќаат оваа тема.

Донесени се новите наставни програми и наставни материјали за второ и петто одделение, кои промовираат родова еднаквост и недискриминација. Во текот на целиот процес на изработка на програмите, работните групи се консултираа и со експерти од области на коишто се темели новата Концепција за основно образование: родовата еднаквост и недискриминација, инклузивноста и мултикултурализмот, како и за заштитата на животната средина, почитување и заштита на правата и слично. Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација, кои не се ограничени од традиционалните родови улоги. Новите наставни програми се базирани на компетенции кои учениците почнуваат да ги стекнуваат од прво одделение, а продолжуваат да ги развиваат во наредните одделенија, пред се компетенциите кои произлегуваат од подрачјето со кое наставниот предмет има директна врска, но и трансверзалните компетенции преку кои се остварува и интеграцијата и се овозможува целосен развој на учениците.
Согласно новите наставни програми за прво, второ, четврто и петто одделениеизработени се целосно нови учебници (вкупно 30 учебници). Содржината на учебниците е разбирлива за учениците, а целта е преку активности и игри да се воведат во наставната материја и да ги разберат аспектите на родова еднаквост, интеркултурализмот, инклузијата, заштитата на животната средина, почитувањето, правата и слично.
Со цел зајакнување на статусот и подобрување на содржината на изборните предмети и вонаставните активности според слободниот избор на учениците се продолжи со етапна примена на Водичот за слободни изборни предмети во основното образование. Во 2022 година од страна на БРО одобрени се 25 наставни програми подготвени од наставниците во основните училишта.

Воведувањето на  сеопфатно сексуално образование во основните училишта, значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството. Ова образование значи знаења за начините за заштита, однесувањето и предизвиците, коишто ги носат пубертетот и развојот до адолесценција.
Во учебната 2021/2022 година се спроведе пилот-проект, со кој предметот сексуално образование е воведен во деветто одделение во три училишта ОУ „ Јан Амос Коменски “ – Карпош, ОУ „ Кузман Шапкарев “ – Кисела Вода и ОУ „ Братство Мигени “ во Тетово. Се направи евалуација на резултатите и се изработи Нацрт-национална стратегија за ССО во основните училишта 2023-2030, кое предвидува воведување на ССО во сите основни училишта во 9то оддление.

Во процесот на воведување на сеопфатно сексуално образование е вклучено Бирото за развој на образованието, граѓанската организација ХЕРА, како и меѓународни организации – УНЕСКО, УНДП, СЗО и УНФПА
Во 2022 година, повлечен е  учебникот по наставниот предмет Социологија за втора година Гимназиско образование, за кој е донесено Решение за повлекување од употреба со бр. 08-9443/3 од 29.08.2022 година.
Донесена е новата Концепција за основно образование. И оваа учебна година, согласно новата концепција, имплементација започна за учениците од второ и петто одделение. Наставниците добија соодветна обука за примена на новата Концепција (поделена во три модули).
Обуката ја имаат поминато 6117 наставници и стручни соработници.
Воведено сеопфатно сексуално образование во три основни училишта, како пилот проект и целта на проектот е спроведување на оваа проект и во други основни училишта.
Според податоците за  запишани девојчиња и момчиња во  трите струки од Средни стручни училишта кои се одбрани за следење со Родово Буџетската изјава, а презентирани во Информација за преземените активности и имплементираните мерки на програми и потпрограми во кои е вклучена родовата перспектива од вкупно запишани ученици во:

- **градежно геодетска** струка процентот на запишани девојчиња во  2022/2023 се зголемил за 2,3% споредено со 2021/2022.
- **земјоделско-ветеринарна струка** процентот на запишани девојчиња во  2022/2023 се зголемил за 3,1% споредено со 2021/2022.
- **шумарско дрво-преработувачка струка** процентот на запишани девојчиња во  2022/2023 се намалил за - 0,5% споредено со 2021/2022.

За **трите струки** од вкупно запишани девојчиња во учебната 2022/2023  процентот се зголемил за 2,93% споредено со 2021/2022.
Образовниот систем на Република Северна Македонија се состои од предучилишно, основно (6-14 години), средно (15-17/18 години) и високо образование.
Основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Во учебна 2022/2023 година, запишани се вкупно 182880 ученици во 10968 паралелки, од кои 95878 се машки и 89791 женски. Бројот на ученици во последните три учебни години е прикажан во табелата:




Споредбено со учебната 2020/2021 , бројот на ученици во 2021/2022 е зголемен за 0,12%, а во учебната 2022/2023 е намален за 1,5%.

**Средното образование,** исто така е задолжително и бесплатно. Средното стручно образование може да биде со тригодишно и четиригодишно траење. Стручното оспособување во зависност од сложеноста на занимањето трае до две години. Бројот на запишани ученици во јавните средни училишта е прикажан во табелта:




Споредбено со учебната **2020/2021** , бројот на ученици во 2021/2022 е намален за 1,33%, а во 2022/2023 е намален за 4,82%.Од вкупно запишаните ученици во **2022/2023,** во прва година се запишани 17365 ученици (9070 машки и 8295 женски).

**Високото образование** се реализира на три нивоа: додипломски, магистерски и докторски студии. Според податоците на Државниот завод за статистика, добиени врз основа на пристигнатите извештаи, во Република Северна Македонија, во академската 2021/2022 година се запишале вкупно 51 582 студенти, што претставува зголемување за 1.4 % во однос на академската 2020/2021 година. Бројот на запишани студентки е 29 858 или 57.9 %.

Најголем број студенти (82.6 %) се запишале на државните високообразовни установи, додека 16.8 % се запишале на приватните високообразовни установи.

На прва година на студии, во оваа академска година, се запишале 13 506 студенти или 26.2 % (тука се опфатени и студентите што запишуваат прва година по втор, трет и повеќепати).

За академската 2021/2022 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био-технички, техничко-технолошки, природно математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 31.881.150 денари, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 8.427.600 денари.

За академската 2022/2023 година за стипендии за студенти девојчиња на студии за био-технички, техничко-технолошки, природно математички, ИТ и/или медицински науки (трета група на стипендии + ИТ) издвоени се 29.439.000 денари, додека за стипендии за студенти момчиња издвоени се 12.181.950 денари.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2022 година, звањето магистер на науки и специјалист го стекнале вкупно 1 883 лица, од кои 1 590 или 84.4 % се магистри и 293 или 15.6 % се специјалисти. Бројот на магистри и специјалисти, во споредба со 2021 година, е намален за 4.7 %. Учеството на жените магистри во вкупниот број лица што стекнале научен степен магистер на науки, во 2022 година е 61.3 %. Во 2022 година, најголем број од магистерските трудови, 611 или 38.4 %, се од областа на бизнисот, администрацијата и правото, 18.5 % се од областа на инженерството, производството и градежништвото, по што

следат општествените науки со 15.1 %, а останатиот дел од областите се со помал процент на застапеност.
Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2022 година, звањето доктор на науки го стекнале 197 лица, што претставува намалување за 2 % во споредба со 2021 година.
Најголем број од лицата, 31.0 %, докторирале во здравството и социјалната заштита, потоа 17.8 % во бизнисот, администрацијата и правото, следат општествените науки, новинарството и информирањето со 10.2 %, уметноста и хуманистичките науки со 9.1 %, а останатите области се со помал процент на застапеност. 99 жени одбраниле докторска дисертација во текот на 2022 година, што претставува 50.3 % од вкупниот број лица што докторирале во истата година. Најголемиот процент од вкупниот број лица што докторирале, односно 25.9 %, ја вршат својата професија во дејностите на здравствената и социјалната заштита.

Согласно податоците добиени од државните универзитети во Република Северна Македонија, ситуацијата со вработените, на истите, е следната:

На Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле" во Охрид, вработени се вкупно 36 лица, од кои 21 жена и 15 мажи.

Вкупен број на вработени на Универзитетот „Мајка Тереза" во Скопје е 165 лица, од кои 75 жени и 90 мажи.

Вкупениот број на вработени на Универзитетот во Тетово е 674 лица, од кои жени 238, мажи 436.

Вкупен број на вработени на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип изнесува 524, од кој жени се 318,а мажи 206.

Вкупно вработен кадар на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола е 450, мажи 189, жени 261.

Вкупно вработен кадар на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, 2888, жени 1694, мажи 1194.

**Министерството за одбрана,** почнувајќи од 2022 година во процесот на родово одговорно буџетирање вклучи уште една потпрограма , а тоа е потпрограмата 11-Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство. Постигнатите резултати по индикаторите наведени во изјавата ќе бидат содржани во Годишниот извештај за РОБ за 2022 година ( види дел 2.3 Родово одговорно буџетирање). Во 2022 година продолжи да се зголемува базенот на НАТО обучувачи , вкупно НАТО сертифицирани родови обучувачи се 28 ( 19 жени и 9 мажи) .Исто така 4 претставници од Министерството и Армијата се стекнаа со НАТО сертификат за родови обучувачи, а директор на обуката беше родова обучувачка од Министерството за одбрана на Република Северна Македонија.

**Во Министерството за одбрана**, вработени административни службеници се: Б-категорија: 48 % жени и 52 % мажи; В-категорија: 56 % жени и 44 % мажи; Г-категорија: 52 % жени и 48 % мажи, односно вкупно за сите категории заедно – 47 % жени и 53 % мажи и ПТЛ (помошнотехнички персонал) – 9 % жени и 91 % мажи.

Во категоријата воени лица во Министерството и Армијата, во 2022 година, доминантни се мажите, и тоа: офицери – 17,73 % жени и 82,27 % мажи; подофицери – 11,97 % жени и 88,03 %

мажи; професионални војници – 5,86 % жени и 94,14 % мажи; цивилни лица – 30,15 % жени и 69,85 % мажи.Од вкупниот број персонал во Армијата – 10,80 % се жени и 89,20 % се мажи.

Во однос на стручното оспособување и усовршувањето во странство, од вкупно 162 лица од МО и Армијата упатени на стручно оспособување и усовршување во странство, 32, односно 20 % се жени, а 130 лица, односно 80 % се мажи. Во однос на 2021 година се бележи намалување на бројот на жени за 8 лица . Во однос на обуки во земјата за воен и цивилен персонал од Армијата од обучени вкупно 482 учесници , 310 односно 65% се мажи а 172 односно 35% се жени.

Исто така во 2022 , постигнат е напредок во зголемување на бројот na жени во чин полковник. Имено, 3 жени беа уанпредеби во чин полковник. И во учебната 2022/2023 година, се задржува високиот процент на запишани питомки на воената академијаи истиот изнесува 21%.

.

Во годишниот извештај на **Министерството за внатрешни работи**, во сегментот поврзан со родовата еднаквост може да се забележи континуирана соработка на Министерството со Секцијата на жени при Македонскиот полициски синдикат, во насока на зајакнување на капацитетите за професионален и личен развој на жените во Министерството, како и промоција на родовиот концепт и запознавање на раководителите со одредбите на Законот за еднакви можности, со цел да се инкорпорираат одредбите во институционалната политика. Подигање на родовата свест во МВР преку континуирана менторска програма за подигање на родовата еднаквост со поддршка на ОБСЕ.

По повод 16 дена активизам во борба за заштита на жените од насилство, за прв пат беше организирана трибина со цел да укажување на важноста од мулстисекторскиот пристап за ефикасна заштита на жени и девојчиња изложени на насилство и изнаоѓање на соодветни одговори во борба за негово санкционирање и елиминирање. Организирани се сообраќајно воспитни акции каде се опфатени жените возачи во сообраќајот во содејство со РСБСП.

Во однос на јакнење на родовата еднаквост во министерството, одржани се три работилници од менторската програма за жени во 2022 година, на кои обучени се вкупно 37 работници, од кои 17 работници (3 мажи и 14 жени) во својство на ментори и 20 работници (1 маж и 19 жени) во својство на менторирани лица.

За 2022 година извршени се стручни усовршувања со теми поврзани со родова еднаквост на вработени лица од МВР на РСМ од кои 68% се мажи а 32% се жени. Стручните усовршувања се спроведувани во соработка со различни организатори од земјата и странство. Во соработка со меѓународни организации и НВО, спроведени се и 13 едукативни активности од областа на превенција од родово базирано насилство и родова застапеност во МВР, со кои обучени се 162 полициски службеници, од кои 110 мажи и 52 жени.

Во 2022 година обучени за основна обука за работно место „полицаец" се 82,54 % мажи и 17,46% жени. Во наставната програма за основна обука за полицаец, континуирано се инкорпорираат теми кои имаат за цел зголемување на стручноста во постапувањето од родово сензитивен аспект. Овие теми во зависност од потребите се адаптираат и за континуирани обуки и за потребите на Министерството.

Во текот на 2022 година на стручни усовршувања од областа на трговија со луѓе (обуки за рано откривање идентификација на потенцијална жртва на трговија со луѓе и жртва на трговија со луѓе, со посебен акцент на пристапот кон жените и девојчињата жртви) учествувале 134 полициски службеници (36 жени и 98 мажи) од повеќе служби во МВР на (одржани се 29 обуки, 5 конференции, 3 работилници, 2 состаноци и 2 студиски посети).

**Министерството за надворешни работи** вложува напори во остварувањето на родовата еднаквост при вработувањето, унапредувањето и упатувањето на мандат, како еден од предусловите за успешно постигнување на планираните цели, и меѓу другото, во натамошното унапредување на процесот на давање конзуларни услуги и грижа за дијаспората. Во овој

контекст во 2022 година, од 440 вработени, 241 се мажи и 198 се жени, од вкупно 39 амбасадори, 30 се мажи и 9 жени, а од вкупно 7 генерални конзули, 7 се мажи.

Табела: Вработени во МНР , амбасадори и генерални конзули по пол

| Год. | Вработени | Мажи | Жени | Амбасадори | Мажи | Жени | Ген.Конзули | Мажи | Жени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2019** | 421 | 228 | 193 | 19 | 15 | 4 | 7 | 7 | 0 |
| **2020** | 424 | 233 | 191 | 26 | 17 | 9 | 7 | 6 | 1 |
| **2021** | 440 | 241 | 198 | 38 | 25 | 13 | 8 | 7 | 1 |
| **2022** | 440 | 241 | 198 | 39 | 30 | 9 | 8 | 7 | 1 |

- ***Социјална заштита***

Донесен е Закон за изменување и дополнувања на Законот за социјалната заштита, со кој пропис се предвиде исплата на еднократен додаток за корисниците на гарантирана минимална помош во висина од 1.000 денари за месеците март, април и мај 2022 година, за да на овој начин се ублажуват последиците од економската криза и ценовниот шок предизвикани со пандемијата од Ковид-19, како и енергетската криза и затоа се предлага исплата на финансиска помош на овие корисници, како една од најранливите категории на граѓани.

Министерството за труд и социјална политика, согласно стратешките определби изготви нова предлог Национална програма за развој на социјалната заштита 2022-2032, со кој документ се предвидува среднорочната и долгорочната политика и мерки за иден развој на системот на социјалната заштита, вклучувајќи ги социјалната помош и социјалните услуги, како и продолжување на започнатите процеси на плурализација, деинституционализација и децентрализација.

Во 2022 година, се продолжи со финансиска поддршка на новите сервиси, обезбедени од страна на Буџетот на МТСП. Еден од предизвиците во развојот на социјалните услуги е поголемото вклучување на локалните самоуправи и регионалните структури во планирањето и испораката на социјалните услуги. Затоа на крајот на месец март започнуваат интензивни консултации со секторите за социјалната заштита во сите 8 плански региони во државата, на кои се дискутираше за потребата и видот на услугите за секој регион поединечно, врз основа на структурата на населението и нивните потреби.

Во насока на развојот на социјалните услуги, значителен прогрес е забележан во лиценцирањето на нови даватели на социјални услуги, што е клучно за подобрување на пристапот до нови услуги од страна на корисниците. До овој период, во мрежата на даватели на социјални услуги евидентирани се 77 лиценцирани даватели на социјални услуги (здруженија на граѓани и приватни субјекти) .

- ***Спорт*** –нема доставено извештај

- ***Комуникации и електронски систем за управување со учењето***

Имајќи ја предвид заложбата на Владата на РСМ за подигнување на свеста за областа на родовата еднаквост помеѓу сите вработени во државната администрација, се очекува периодот за реализацијата на Е – обуката за родова еднаквост да заземе се поголеми размери. Со оглед на предвидените интервенции во Родово Буџетската изјава на МИОА за периодот 2020-2022 година, министерството започна со надградбата на електронскиот Систем за управување со учењето (ЛМС), со цел да се обезбеди можност за проширување со приклучувања на нови институции, додавање на нови функционалности и нови е-обуки. Со оваа надградба беше додаден модулот **Еднаквост и анти-дискриминација,** а во тест фаза е модулот **Одговорност за промоција на еднаквоста.**

Со надградбата на ЛМС ќе се зголеми бројот на обучени административни службеници кои ќе ја завршат е - обуката за еднакви можности од вкупниот број на вработени административни службеници во институциите во Република Северна Македонија.

Според евиденцијата во електронската платформа за е-учење (ЛМС), посетеноста на Е-обуката за Родова еднаквост во периодот од 01.01.2022 - 31.12.2022 година, ја завршиле вкупно 68 посетители (табела подолу):

| **Година** | **Број на посетители** | **Жени** | **Мажи** |
|---|---|---|---|
| **2022** | | | |
| Родова еднаквост - основен степен | 40 | 26 | 14 |
| Родова еднаквост - напреден степен | 28 | 22 | 6 |
| **Вкупно** | **68** | **48** | **20** |

Од податоците во табелата можеме да заклучиме дека поради надградбата на Електронскиот систем за управување со учењето мал е бројот на административни службеници кои ја завршиле основната и напредната обука во текот на 2022 година. Исто така, бројот на жени е поголем во однос на мажите кои успешно ги завршиле двете обуки, односно жени се 70,59 % мажи само 29,41%.

Исто така, зборувајќи за користењето и за достапноста на технологијата за комуникации во општеството и во домаќинствата, Според податоците на Државниот завод за статистика, во првото тримесечје од 2022 година, 86.6 % од домаќинствата имале пристап на интернет од дома. Во првото тримесечје од 2022 година, од вкупното население на возраст од 15 до 74 години, интернет користеле 88.3 %, а 73.9 % го користеле неколку пати во текот на денот. 49.5 % од лицата нарачале/купиле стоки или услуги преку интернет во последните 12 месеци (https://www.stat.gov.mk/pdf/2022/8.1.22.36_mk.pdf)

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2022 година, 99.1 % од деловните субјекти користеле компјутер во својата работа. Од деловните субјекти кои користат компјутер, пристап до интернет имале 95.1 %, а пристап преку фиксна конекција 89.0 % од деловните субјекти со десет или повеќе вработени. Во однос на е-трговијата, 13.4 % од деловните субјекти со е-продажба примиле нарачки преку социјални мрежи, а 12.3 % од деловните субјекти примиле нарачки за стоки или услуги преку веб-продажба.

| Т-01: Користење на информатички и комуникациски технологии во домаќинствата според типот на населеното место | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **T-01: Usage of information and communication technologies in households, by type of settlement** | | | | |
| во % | | | | in % |
| | Вкупно Total | Тип на населено место Type of settlement | | |
| | | градско urban | останато other | |
| **Домаќинства, вкупно** | **100** | **100,0** | **100,0** | **Households, total** |
| **Пристап на интернет во домот:** | | | | **Internet access at home:** |
| Има пристап на интернет | 86,6 | 86,2 | 87,3 | Have access at home |
| Нема пристап на интернет | 11,4 | 11,0 | 12,0 | Don't have access at home |
| Не знае дали има пристап на интернет | 2,0 | 2,8 | 0,7 | Don't know |

Министерството за информатичко општество и администрација, преку креирање е-обука за родова еднаквост на административните службеници, придонесува во приближувањето на информатичко-комуникациските технологии до граѓаните и во интегрирањето на родовата перспектива во начинот на живеење.

- ***Култура***

**Министерството за Култура** во изминативе три години работеше на поддршка на инцијативи за промоција на научно-истражувачки проекти и проекти од областа на културата, историјата, историјата на уметноста, етнологијата итн. во промовирање на жените како активни учесници во овие случувања и како дел од светската историја.

Во согласност со приоритетите во интердисциплинарната дејност, се поддржуваат: проекти и активности што ги стимулираат креативниот и уметничкиот потенцијал на сите граѓани независно од нивната етничка, верска, идеолошка, политичка, социјална, родова и старосна припадност; проекти што го лоцираат независниот културен сектор како важен социокултурен чинител; проекти што го негуваат културниот диверзитет, уметничкото творештво и проекти со кои се промовираат еднакви можности за сите.

Во 2022 година во категоријата Интердисциплинарни проекти беа поддржани вкупно 70 проекти, на кои носители на 24 (дваест и четири) проекти беа жени (11 физички лица и 13 правни субјкекти) со распредлен буџет 8.050.000 денари, а интердисциплинарни проекти со теми од областа на родовите политики беа подржани 6 (шест), со вкупен буџет 3.300.00 денари.

На Годишниот конкурс од областа на издавачката дејност во 2022 година, од вкупно 388 подржани книги, монографии, зборници 162 или 41,75% се проекти чии автори/преведувачи/илустратори/уредници се жени.

Право на учество на Годишните конкурси имаат правни лица и физички лица државјани на Република Северна Македонија.

Критериумите и мерилата за оцена на проектите врз чија проценка се оценуваа поднесените пријави се содржани во Годишните конкурси, а оценувањето се спроведува од страна на независни експертски комисии составени од надворешни членови.

Во рамките на секоја област во Конкурсната апликација се наведени: 1. Видови проекти кои ќе се поддржуваат, 2.Приоритети и 3 Услови за учество на конкусот

Под приоритетитте наведени под II во апликациите за следните областии се ставени приоритети во насока на *Унапредување на родовата рамноправност* и *Поттикнување на учеството на лица со посебни потреби, на лица во социјален ризик и на маргинализирани групи или на групи со помалку можности*, а во пријавата од областа на литературата и издавачка дејност стои и тоа во :

1. Во годишиниот конкурс за финансирање на фолклорот со пријавата од областа на фолклорот под точка 2.11 и 2.12;
2. Во годишиниот конкурс за финансирање на музичка дејност со пријавата о областа на музичката дејност под точка 2.16, 2.15;
3. Во годишниот конкурс и пријавата од областа на визуелните уметности, архитектурата и дизајност под точка 2.15 и 2.16;
4. Годишниот конкурс и пријава од областа на драмската дејност под точка 2.11 и 2.12, а под точка 2.17 Поттикнување реализација на проекти наменети за деца и млади;
5. Во годишиниот конкурс за финансирање интердисциплинарни проекти со Пријава за интердисциплинарен проект за 2022 под точка 1 ВИДОВИ ПРОЕКТИ, стои 1. *Подготовка и реализација на проекти кои предвидуваат активности/продукции од две или повеќе области на уметноста или интеракција на активности од областа на уметноста и од други сфери,* а под точка 2.10 и 2.11 приоритетите *Унапредување на родовата рамноправност* и *Поттикнување на учеството на лица со посебни потреби, на лица во социјален ризик и на маргинализирани групи или на групи со помалку можности*

Конкусрната апликација која се поднесуваше само по електронски пат, на следниот линк https://konkursi.kultura.gov.mk/Account/SignIn.aspxa содржеше графа за тоа дали поднесителот е машки или женски пол, согласно одредбите и целите кои треба да се исполнат од страна на министртевото за култура, а се наведени во Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027

Преку буџетот на Министерството за култура се финансираат 65 национални институции и 49 локални установи, Во 2022 година бројот на вработените лица во 65 национални установи од областа на културата изнесува 2900, од кои 1434 се жени, а 1466 се мажи, односно од вкупно вработените 49.45% се жени, а 50.55% се мажи.

Од именувани/поставени директори/ки во национални установи од областа на културата во 2022 година, 26 биле жени, а 39 биле мажи , што во процент изнесува 340% жени наспроти 60 % мажи. Во Управните одбори на 63 национални установи бројот на именувани жени како претседател изнесува 20 од вкупмо 65, што значи (во две Национални Установи претседателите на Управните Одбори се разрешени и не се поставени нови во 2022 година) 30,16% жени се именувани како претседателки (19 жени и 44 мажи претседатели). Вкупен број на именувани во управните одбори е 297 лица (претседател и членови) од нив 130 се жени а 167 се мажи.

Во рамките на Годишната програма за остварување национален интерес во културата на Минситертвото за културата до 2020 година немало пракса за воспостанување родова статистика за одобрени/поддржани проекти. Затоа во Конкурсните обрасци за финанирање на

проекти од национален интерес за 2022 година е воведена таква графа со цел утврдување на квантитативни индикатори (родова статистика) за број и процент на поддржани програми во 2022 година, заради обработка на доставените апликации, но и при обработка на други податоците кои се во надлежност на Министерство за култура.

- ***Пристапот до правда***

Министерството за правда Согласно членот 5 од Законот за еднакви можности, презеде основни (нормативни) мерки за остварување на принципот на еднакви можности, согласно своите законски надлежности ги донесе: Правилникот за содржината и начинот на прибирање на податоците за родово базирано насилство врз жените и жртвите на семејно насилство во судовите (Службен весник на Република Северна Македонија бр.268/2022) и Правилникот за содржината и начинот на прибирање на податоците за родово базирано насилство врз жените и жртвите на семејно насилство во јавните обвинителства (Службен весник на Република Северна Македонија бр.267/2022).

Изготвен е работен текст на Предлог на Закон за кривична постапка со кој се надоградува правната рамка за процесна заштита на жртвите од родово базирано насилство .

Од вкупно предвидениот буџет на Министерството за правда за остварување на целите на програмата за бесплатна правна помош и промовирање на родовата сензитивност, кој поконкретно беше наменет за исплата на награда на адвокати за укажана правна помош во судски постапки и исплата на награда на здруженија за укажана претходна правна помош, кој за 2022 година изнесуваше 5.000.000,00 денари, од страна на Министерството за правда во буџетската 2022 година исплатени се средства во вкупен износ од 2.853.768,00 денари за оваа цел:

- од 3167 подносители на барање за примарна правна помош во 2022 година, мажи се 1878 а жени се 1289,
- од 254 подносители на барање за секундарна правна помош во 2022 година, мажи се 88 а жени се 166.

(https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Izvestaj%20strategija%20pravosuden%20sektor%202022.pdf)

### 2.1 Родово базирано насилство

Во 2022 година започна процесот на првата евалуација за спроведувањето на Истанбулската Конвенција од страна на ГРЕВИО (Група на експерти за мониторинг и следење на имплементација на Истанбулската Конвенција во рамките на Советот на Европа).
Изработен и доставен до ГРЕВИО е првиот Извештај за имплементација на Истанбулската конвенција во месец Април. По доставувањето на Извештајот следуваше експертска мисија од ГРЕВИО во РСМ со кои беа организирани состаноци со сите релевантни институции и граѓански организации. После нивно разгледување на Извештајот и разгледување на поединечните интервјуа со институциите се очекува во почеток на 2023 година конечен Извештај за

имплементирање на Истанбулската конвенција со забелешки и препораки, на која препорака МТСП односно РСМ има право на жалба.

Во мај 2022 беше лансирана кампања „Со тебе сме“ – Заедно против насилство врз жените и девојчињата која се состои од постови за социјални медиуми, веб банери, рекламен материјал итн со поддршка на проект од Холандска амбасада .
Кампањата продолжи и по завршувањето на проектот, до крајот на 2022 година. Кампањата се емитуваше на Националната телевизија, социјалните медиуми, има сопствена страница на Инстаграм, веб-банери на портали итн.

Исто така во рамки на истиот проект беше предвидено развивање и воспоставување на е-модули за обуки за РН и семејно насилство за различни даватели на услуги и мултисекторски обуки за ТоТ за справување со професионални структури во областите: социјална заштита, полиција, здравство, судство, образование и граѓански сектор и медиуми.

Во март 2022 година беше избран тим од експерти за да развијат и воспостават обуки за е-модули за РН и семејно насилство. Порталот за електронско учење опфаќа содржини за родово и семејно насилство, тестови, аудио и видео материјали, интерактивно учење, електронско пребарување и преглед на содржини наменети за професионални структури вклучени во системот за заштита на жртви на родово базирано насилство и семејно насилство .

Во соработка со УНФПА се спроведува кампањата „Не си сама. Во рамките на оваа кампања согласно Стратегијата за комуникација се спроведуваат повеќе активности, снимени се видео пораки, анимирано видео, се организираат настани на локално ниво и сл. Во настаните учествуваат претавници од МТСП ( од секторите за еднакви можности и од Социјална заштита) како и од Центрите за социјална работа.

**Според податоците што ги добивме од МВР, во 2022 година вкупно се евидентирани 1.191 жртва од семејно насилство во Северна Македонија**
Девет убиства, 26 тешки повреди, 675 телесни повреди, 389 загрозувања на безбедноста, 15 присилби, како и три киднапирања. Или, вкупно 1.117 кривични дела во врска со семејно насилство се случиле на територијата на државата во текот на 2022 година. Најголем број од сторителите на кривичните дела во рамките на семејното насилство се мажи.

Во 2022 година , изречени се привремени мерки за заштита од семејно насилство во 132 предмети во кои како жртва се јавува жена, а бројот на децата од женски пол - жртви на семејно насилство изнесува 54.

### 2.2 Трговија со луѓе

Министерството за труд и социјална политика, Секторот за еднакви можности, како координатор на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе во текот на 2022 година, продолжи со соработка со Националната комисија за борба против трговија со луѓе, Подгрупата за борба против трговија со деца, Центри за социјална работа, Државниот трудов инспекторат, Јавното обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција на Република Северна Македонија за сузбивање на кривични дела поврзани со криумчарење мигранти и трговија со луѓе, Министерството за внатрешни работи/

Единицата за борба против трговија со луѓе и илегална миграција, Центарот за лица жртви на трговија со луѓе и со здруженијата на граѓани.

Согласно одлуката на Националната комисија за борба против трговија со луѓе за формирање на Оперативен тим за координација, следење и управување на случаи на трговија со луѓе, формална идентификација на жртвите и нивен статус, 2 лица од Секторот се членови на овој тим заедно со претставници од ЈО за гонење на организиран криминал и корупција, МВР и Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе- Отворена парата (Решение бр. 10-279/1 од 19.04.2022 година). Оперативниот тим го сочинуваат лица Задача на оперативниот тим е да ги координира и следи случаите на трговија со луѓе и врз основа на спецификите на кривично правниот настан го дефинира статусот и врши формална идентификација на жртвите.

Во период од 21-23 јуни 2022, во соработка со УНДОК спроведена е обука за зајаканување на капацитеите на лица од институциите кои се вклучени во борба против трговија со луѓе. Н аобуката учествуваа претставници од МТСП, сектор за еднакви можности 4 лица, ЈО- 7 , судија- 1 и полиција- 6 вкупно 18 лица, Втората обука поддржана од УН-ДОГ се одржа во ноември каде што учесници беа од ЦСР,МТСП, Јавни обвинители и судии.

Обука за форензичко интервју од 4 до 7 јули 2022 каде што учествуваа претсавници од МТСП - 4, социјални работници - 5 и полиција -21 лице. Оваа обука е реализирана во соработка со ИОМ и учесници од ГО Отворена порта, СОС Детско село, За срекно детство и Млади правници.

Со поддршка на Совет на Европа се реализира обука за преставници од СОС детско село, Отворена порта, ЦСР и мобилни тимови . Обуката ја посетија 25 учесници. Обуката се реализираше на 18-19 Октомври 2022 година.

Специјализирана обука за згрижување на деца жртви на трговија со луѓе се одржа на 5 и 6 Декември со подршка на Совет на Европа а учествуваат претавници од од СОС детско село, Отворена порта, ЦСР, Мобилни тимови,

Програма за работа на мобилни тимови донесена продолжи да се спроведува и во 2022 година и СЕМ координатор на Национален механизам за упатување на жртви на трговија со луѓе и ги координира петте мобилните тимови. Се подготвува годишен извештај за нивното функционирање.

Во 2022 година **идентификувани се 9 жртви** од кои 8 женски и 1 машко лице. Најголем број од идентификуваните лица се деца 7, на возраст од 14-17 години. Од вкупниот број на идентификувани жртви едно тете и едно возрасно лице се странски лица идентификувани во РСМ, едно дете државјанин на РСМ е идентификувано во странство / соседна земја додека останатите се внатрешно тргувани во рамки на РСМ. Со идентификуваните жртви е постапувано согласно СОП за постапување со ЖТЛ, при што на 3 деца им е обезбедено сместување во Центарот за лица жртви на трговија со луѓе.

Според видот на експлоатација во најголем број од случаите се идентификувани како присилен брак 6 и 2 се идентификувани како сексуална експлоатација од кои едниот случај е онлајн експлоатација /преку интернет.
По идентификуваните случаи од страна на МВР, поднесени се 5 известувања до ОЈО и **6 КП** против 19 лица (6 женски и 13 машки).
Воедно, во текот на годината идентификувани се и **11 потенцијални жртви** (од кои 8 деца), 7 се жени и 4 машки, од кои едно дете е идентификувано како потенцијална жртва помеѓу илегалните мигранти.

| **ИДЕНТИФИКУВАНИ 9 ЖРТВИ НА ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Деца**<br>**7** | | | **Возрасни**<br>**2** | | |
| **Домашни**<br>**6** | | **Странски**<br>**1** | **Домашни**<br>**1** | | **Странски**<br>**1** |
| **Вид на експлоатација** | | | **Вид на експлоатација** | | |
| **Присилен брак**<br>**4** | **Сексуална**<br>**1** | **Питачење**<br>**1** | **Трудова**<br>**39** | **Трудова и сексуална**<br>**2** | **Сексуална**<br>**1** |
| **11 - Потенцијални жртви на трговија со луѓе**<br>**од кои 3 возрасни и 8 деца (5 девојчиња 3 момчиња)** | | | | | |

Согласно Правилник за начинот, обемот, нормативите и стандардите за давање на социјалната услуга за привремен престој и за простор, средства, кадри и потребната документација за центар за привремен престој (Службен весник на РСМ, бр. 91/21) и Одлука за утврдување на цените на социјалните услуги во домот, за вон-семејна заштита, за стручна помош и поддршка и за привремен престој за 2022 година склучен е управен договор за финасирање на услугата за привремен престој во Центарот за жртви на трговија со луѓе - Договор за реализација на доделените средства за обезбедување на услугата за Центар за привремен престој на жртви на трговија со луѓе помеѓу Министерството за труд и социјална политика и Здружение за акција против насилство и трговија со луѓе Отворена Порта-Скопје, наш бр. 10-4422/14 од 15.07.2022 година.

Центарот соодветно функционира со целосен капацитет и во моментот во него се згрижуваат 6 деца жртви на трговија со луѓе.

## 2.3 Родово одговорно буџетирање

Значителен напредок во однос на родово одговорното буџетирање беше постигнат со усвојувањето на новиот Закон за буџети во септември 2022 година . За прв пат РОБ како

концепт е вметнат во овој закон. Накратко, законот сега обезбедува прецизна дефиниција на РОБ, РОБ индикатори и РОБ извештаи, заложби за вклучување на родовите индикатори и изјава(и) за РОБ во нацрт-финансиските планови; наведување на сите РОБ изјави / иницијативи во нацрт-буџетот; како и објавување на сите РОБ изјави / иницијативи на веб-страниците на корисниците на буџетот.

Дополнително, родовата еднаквост е земена како еден од 11-те главни принципи на Буџетот, утврдени во чл. 3 каде стои дека принципот на родова еднаквост подразбира родово одговорно буџетирање, односно одржување родовата еднаквост во планирањето и извршувањето на буџетските приливи и одливи.

Членот 31 кој регулира сет содржина за нацрт финансискиот план во кој се вели „барем една родова цел со формулација каде што е изводливо".

Сепак, последните измени во соодветниот закон се огромен напредок и пресвртница што треба да се забележи.

Во новиот органски Закон за буџети, системот на единствена трезорска сметка се води како национален начин на плаќање. Барањето на буџетскиот корисник на циклусот за исплата во трезорот – процедура за проверка – одобрување - плаќање (обработка на плаќања е родово неутрален циклус, дури и Прирачникот за трезорско работење од 2018 година во кој нема референци во трезорското работење од родова перспектива). Работата на трезорот и состојбата на единствената трезорска сметка се известува на месечна и годишна основа. ,,

И во 2022 година контиуирано продолжи процесот на родово одговорно буџетирање и следење на преземените активности од избраните програми.

Според Методологијата за родово одговорно буџетирање, обврска на министерствата е програмата која е во процесот на родово одговорно буџетирање да се следи и известува за превземените активности и интервенции кои се во насаока на намалување на родовата нееднаквост во период од три години. Во прилог следува преглед на родово буџетските иницијативи:

| | | **Р о д о в о б у џ е т с к и инцијативи** | |
|---|---|---|---|
| **Институција** | **Програма** | **Финансиски средства 2022** | **Реализирани Активности 2022** |
| **Министерство за одбрана** | Стручно оспособување и усовршување во земјата и странство. | 15.550.033 денари | - Во 2022 година, на оваа потпрограма одобрени се средства во износ од 16.000.000 ден. од кои реализирани се 15.550.033 денари, и тоа 12.440.000 денари се реализирани за упатување на школувања на мажи, а 3.110.033 денари за упатување на школувања на жени;<br>-Средствата одобрени на оваа потпрограма се планирани за стручно оспособување,<br>школувања, курсеви и друг вид на усовршувања на вработените во МО и Армијата,<br>во земјата и странство;<br>Во наведената потпрограма за обуки во земјата (за специјализирани обуки) беа планирани финансиски средства во износ 222,945 денари, а потрошени се 195,835 денари (дел од обуките се реализираа онлајн или во рамки на проекти - донации);<br>На обуките во земјата организирани од Министерството за одбрана - Центар за обука „Д-р Џозеф Крузел" од вкупно 482 учесници, 310 (65%) се мажи, а 172 ( 35%) се жени. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Министерство за образование и наука** | Квалитетно и средно образование | 571.691.406 денари ( потпрограма средно образование) 295.111.540 денари (потпрограмата за регионални центри за стручно образование и обука ) | - За 2022 година доделени стипендии:<br>➢ За градежно- геодетска струка, стипендии имаат добиено 48 девојчиња во износ од 1.512.000денари, додека за 18 момчиња реализирани се 567.000 декеври;<br>➢ Во земјоделско- ветеринарна струка стипендии имаат добиено 25 девојчиња во износ од 787.500 денари, а за 15 момчиња релизирани се 472.500 денари;<br>➢ Во дуалното образование 616 девојчиња имаат добиено стипендии во износ од 19.404.000 денари, додека 696 момчиња имаат добиено стипендии во вкупен износ од 21.924.000 денари;<br>Спроведувањето на новата Концепција за основно образование (од март 2021). продолжува и оваа учебна година.Концепција се потпира на инклузивноста, родовата сензитивност/рамноправност и интеркултурноста како клучни принципи и е директно поврзана со Националните стандарди за основно образование, што ги даваат насоките кон кои треба да се стреми целокупната организација и реализација на воспитно-образовниот процес во основните училишта.<br>Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.<br>Концепцијата исто така уредува: ,,Промовирање на родовата рамноправност преку образованието е стимулирање на учеството на учениците во наставните и воннаставните активности независно од полот, односно спротивно на стеретипните очекувања поврзани со полот/родот.”<br>Донесени се нови наставни програми за второ и петто одделение, согласно новата концепција за основно образование и се применуваат во училиштата од 1.09.2022 .<br>Започната е постапка за одобрување на нови учебници за прво, второ, четврто и петто одделение, согласно новите наставни програми (кои промовираат родова еднаквост и недискриминација), врз основа на објавениот Конкурс од страна на Педагошката служба на 25.3.2022г.<br>Од страна на БРО изработени се материјали за учење за првото тромесечје, за учениците од прво, второ, четврто и петто одделение, согласно новите наставни програми. Истите се испечатени од страна на МОН (Проект PEIP) и доставени се до сите училишта.<br>БРО изготви каталог за обуки за наставници и стручни соработници. Покрај другите обуки во каталогот има и обуки кои ја опфаќаат оваа тема. Обуките се реализирани и резултатите можат да се видат на нивната веб страна. |
| **Министерство за економија** | Програмата за развој на претприемништвото и конкурентнота на мали и средни претпријатија за 2022 година. | 8.000.000 (ребаланс на буџет) | - Со реализација на мерката Финансиска поддршка за микро, мали и средни претпријатија, субвенционирани се 33 претпријатија во вкупен износ од 6.070.781,00 денари. Од вкупниот број на субвенционирани апликанти, 6 (18 %) се претпријатија во сопственост и управувани од жени кои се субвенционирани во вкупен износ од 685.756,00 денари;<br>-Со реализација на мерката Субвенционирање на трошоци за занаетчии, субвенционирани се 23 апликанти во износ од 1.426.925,00 денари од кои 7 (30,4%) се жени кои се субвенционирани во вкупен износ од 306.541,00денари;<br>-Оваа година родовата перспектива беше воведена и во Програмата за развој на туризмот во РС Македонија за 2022 година, при што се воведе мерката Финансиска поддршка за женско претприемништво во туризмот, со мерката субвенционирани се 3 претпријатија во сопственост и управувани од жени на кои им се исплатени вкупно 247.267,00 денари. |
| **Министерство за финасии** | Субвенционирање на станбен кредит преку реализација на проектите „Купи куќа, купи стан“ и | 110.000.000 денари | -На 29.03.2022 Владата на РСМ донесе заклучок Министерството за финансии да го објави последниот јавен повикво рамките на проектот ,,Купи куќа, купи стан“ со времетраење од 1ви јуни до 31 август 2022 година. Министерството за финансиија информираше јавноста дека овој проект од 2023 година ќе биде укинат.<br>-Во 2021 година бројот на одобрени кредити е зголемен за 45,1% во однос на 2020 година.<br>- во 2022 година бројот на одобрени стамбени кредити значително е намален и за жените и за мажите во однос на 2021 година. Ваквата состојба е резултат на должината на јавниот повик во 2022 година , кој траеше три месеци, наспроти јавниот повик од 2021 година;<br>-Анализирано според годината на одобрување на станбениот кредит и брачниот статус на лицата од женски пол, 377 барања се одобрени на жени кои се во брак (49,9% од вкупниот број на жени), додека 378 барања на лица |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | „Купи куќа за млади“ | | од женски пол кои не се во брак (50,1% од вкупниот број на жени), со што вкупното учество на женското население изнесува 36,8% во периодот на имплементирање на проектот;<br>-Најголем број на одобрени кредити за лица од женски пол има во групата на месечни примања од 500-600 евра, потоа следуваат групите од 500-700 евра, 400-500 евра и 300-400 евра;<br>-Во Јавникот повик од 2022 година од страна деловните банки одобрени се субвенционирани станбени кредити во вкупен износ од 2.213.542 евра, за кои се одобрени субвенции во вкупен износ од 504.682 евра. Според полот на корисникот, на лицата од машки пол им се одобрени субвенционирани станбени кредити во износ од 1.513.882 евра (за кои се одобрени субвенции во износ од 342.659 евра), додека на лицата од женски пол им се одобрени субвенционирани станбени кредити во износ од 699.660 евра (за кои се одобрени субвенции во износ од 162.023 евра). |
| **Министерство за правда** | **Бесплатна правна помош** | 2.853.768,00 денари | Во тек на 2022 година:<br>- од 3167 подносители на барање за примарна правна помош, мажи биле 1878 и жени 1289;<br>-254 биле подносители на барање за секундарна правна помош, од кои мажи 88 и жени 166;<br>-примарна правна помош добиле 1878 мажи и 1289 жени и секундарна правна помош е одобрена на 88 мажи и на 166 жени.<br>Од превидените средства за програмата забесплатна правна помош во буџетската 2022 година исплатени се средства во вкупен износ од 2.853.768,00 денари . |
| **Министерство за култура** | Креативни индустрии и интердисциплинарни проекти | 18.785.000 денари | Реализацијата на Буџетот во 2022 година за програмата 72 мултидисциплинарни проекти изнесуваше 18.785.000 денари, за вкупно одобрени 70 проекти. Носители на проекти жени беа вкупно 24, од кои физички лица 11 и правни субјекти 13 за кои беше распределен буџет во износ од 8.050.000 денари. |
| **Министерство за животна средина и просторно планирање** | Програма за инвестирање во животна средина | 98.000.000 денари | Во програмтата за инвестирање во животната средина во 2021 година, вклученоста на родовата перспектива е застапена преку афирмативни мерки кои поддржуваат вредности кои ја промовираат еднаквоста на жените и мажите во областа на животната средина како:<br>-Поддршка на проекти кои промовираат вредности за унапредување на родовата еднаквост во областа на животната средина;<br>- Водење на родово разделена статистика во рамките на сите активности и поддржани поекти од Програмата за инвестирање во животната средина;<br>- Број на поднесени апликации и број на одобрени проекти кои ја поддржуваат родовата еднаквост во областа на животната средина;<br>- Процент на средства кои се одобрени за реализација на проект со кои се унапредува родовата еднаквост до вкупниот износ на одобрени средства од Програмата;<br>- Вклучени критериуми за поддршка на родовата еднаквост во областа на животната средина;<br>-Број на активности со кои се охрабруваат граѓанските здруженија да аплицираат со проекти кои промовираат вредности за поддршка на родовата еднаквост;<br>Активностите преку кои се имплементира родово сензитивен карактер при спровесување на програмта се дел од следниве компонети:<br>- Изработка на техничка документација и изградба на каналзациони системи и системи за одведување и пречистување на отпадни води од 45.000.000 денари;<br>- Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошка разновидност во износ од 5.000.000 денари;<br>- Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест , едукација и обука во областа на животната средина во износ од 8.000.000 денари;<br>- Поттикнување на образовни, истаржувачки и развојни студии, програми, проекти и други слични активности за заштитаи унапредување на животна средина и природа во износод 7.000.000 денари;<br>- Поддршка на мерки и активности за намалување на загадувањето на воздухот на Република Северна Македонија во износ од 5.000.000 денари;<br>- Поддршка на мерки и активности за спроведување на мерки за заштита и унапредување на природата во висина од 1.000.000 дднеари;<br>- Реализација на проекти и активности одобрени согласно Програмите за инвестирање за 2020 и 2021 година во износ од 22.000.000 денари;<br>- Трошоци за спроведување на програмата во износ од 2.000.000 денари; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Од вкупниот број на апликанти 84 на кои им се доделени средства за реализација на проекти во 20221 година, 29 корисник на средства учествуваа со одреден критерим за родов сензитивен карактер. |
| **Министерство за информатичко општество и администерација** | Е-обука за родова еднаквост на административните службеници | 600.000 денари | -Приближување на информатичко комуникациските технологии кон граѓаните и интегрирање на родовата перспектива;<br>- Надградбата на Електронскиот систем за управување со учењето, обезбедува тековно одржување и негово проширување со приклучувања на нови институции, додавање на нови функционалности и нови е-обуки. Со ова се зголемува бројот на е-обуки достапни до вработените во јавната администрација, како и централно мониторирање на посетеноста на е-обуките и можноста системот да генерира извештаи со повеќе информации (по пол, возраст, институција, звање и.т.н). |
| **Министерство за труд и социјална политика** | Креирање и поддршка на нови работни места | 1.553.325.360 денари | - Опфатот на невработени лица со мерката субвенционирање на плати е зголемена за 21% о 2022 година во однос на 2021 година. Се забележува намалување на бројот на вработени лица во 2022 година во однос на 2021 година за 9,7%. 2156 апликации од правни субјекти за вработување 2504 лица. Потпишани беа 1228 договори со работодавачи за вработување на 1536 невработени лица. Од нив, 767 лица беа жени, 719 лица беа млади до 29 годишна возраст и 69 лица беа Роми. Според целните групи најзастапени се млади лица до 29 години, лица со возраст од 30 -49 години,лца од 50 и повеќе години лица со основно образование, долгорочно невработени (над 12 месеци во евиденција, со предност на невработени лица, жени припаднички на Ромската етничка заедница и др<br>-Мерката ***вработување и раст на правни субјекти*** го има следниот опфат 662 невработени лица евидентирани во АВРСМ, од следните целни групи: млади лица до 29 години, корисници на гарантирана минимална помош , невработени лица кои ги изгубиле своите работни места по појава на пандемијата Ковид 19 и Роми. Во текот на 2022 година, на јавниот повик аплицирале 715 работодавачи за 899 вработувања. По направената селекција од страна на Комисијата за селекција на учесници во активни програми и мерки за вработување, потпишани беа 355 договори со работодавачи за вработување на 446 невработени лица. Од нив, 251 лица беа жени, 231 лица беа млади до 29 годишна возраст и 33 лица беа Роми.<br>Од анализираните податоци може да се заклучи дека е зголемен бројот на правни лица за 91,89 % во 2022 година има 355 фирми во однос на 2021 година кога има 185 фирми , зголемување од 83,27% може да се забележи и кај бројот на лица кои биле **вклучени и** вработени со мерката ( во 2022 биле вклучени и вработени 446 лица додека во 2021 година 245 лица). Бројот на вработени жени исто така бележи зголемување во 2022 година во однос на 2021 година и е зголемен по однос на оваа мерка за 133 жени.<br>-За мерката Поддршка за вработување на лица со попреченост во текот на извештајниот период, хронолошки се решаваше за вкупно 150 барање кои беа доставени во текот на 2021 и 2022 година, при што 137 беа позитивно одлучени, а 13 барања се одбиени, поради неисполнување на условите за доделување средства предвидени со Законот и Правилникот.<br>-Планираниот буџет за Активните мерки за вработување за 2022 година се 1.787.000.000 денари, додека реализирани средства за 2022 година се 1.553.325.360 денари, односно 86,92% реализираност.<br>Планираниот буџет за подмерката субвенционирање на плати за 2022 година е 489.541.400 денари, додека износот на реализирани средства е 356.286.000 денари и согласно претходно изнесеното процентот на реализација на средства е 80,2%.<br>Понатаму за подмерката раст на плати планираниот буџет е 109.018.250 денари, додека износот на реализирани средства е 71.187.105 денари и согласно претходно изнесеното процентот на реализација на средства е 65,3 %.<br>Во однос на третата подмерка поддршка за вработување на лица со попреченост предвидените финансиски средства за поддршка на лица со попреченост изнесува 175.000.000 денари, а реализирани се 76,2%. Согласно финасиската евиденција за извештајниот период реализирани се средства во вкупен износ од 133.323.519,00 денари за 138 барања и тоа за:<br>- вработување на 137 инвалидни лица (95 барања) исплатени се средства во износ од 73.270.520,00 денари;<br>- набавка на опрема за 41 барање исплатени се средства во износ од 59852.999,00 денари; адаптација на работно место за 2 барања исплатени се средства во износ од 200.000,00 денари<br>-работен асистент на инвалидно лице кое е вклучено во работно |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | оспособување, на негово барање или на барање на работодавачот, нема поднесени барања и доделени средства. |
| **Министерство за здравство** | Програмата за рана детекција за малигни заболувања | 3.232.000,00 денари денари | Согласно Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија за 2022 година и активностите предвидени со пилот скрининг за колоректален карцином, таргет група за спроведување на скринингот за скриено крварење беа мажите и жените на возраст од 50-74 години, на ниво на Град Скопје.<br>Во текот на 2022 година, Одделението за социјална медицина при Центар за јавно здравје – Скопје, во соработка со Министерство за здравство на РСМ, распределиле 32.500 тестови/флакони на матичните лекари, на ниво на Град Скопје.<br>Според доставените податоци од ЦЈЗ – Скопје, во периодот од 01.01.2022 до 31.12.2022, вкупно се тестирани 191 граѓани од кои 29 имале позитивен тест или било детектирано скриено крварење во столицата. Нема податоци за позитивен наод или преканцерозен наод на колоректален карцином, во текот на 2022 година.<br>Од страна на Институтот за јавно здравје на РСМ во 2022 спроведени се следните активности:<br>-Координацијата од страна на ИЈЗ со Центарот за јавно здравје–Скопје се одвива на месечно ниво, а ако се укаже потреба и почесто. ИЈЗ се информира за состојбата на поделени ФОБ-тестови на матичните лекари, бројот на направени тестирања и добиените резултати во Центарот. Покрај оваа институционална координација, ИЈЗ посредува и помеѓу пациентите и центарот и ги упатува пациентите, да го остварат правото и да искористат бесплатно ФОБ-тестирање.<br>-Изготвени се промотивни материјали во вид на постери и флаери на македонски и албански јазик.<br>-За целите на кампањата и промоција на скринингот на КРК е направена презентација за актуелната состојба со морбидитетот и морталитетот во светот и Република Северна Македонија. Во насока на кампањата и одбележувањето на март „Месец за подигање на свеста за рак на дебелото црево“, на веб страната на ИЈЗ, на македонски и албански јазик е постиран стручен материјал за состојбата со рак на дебелото црево на глобално ниво и препораки за однесувањето на граѓаните.<br>-Институт за јавно здравје доставува квартални извештаи за состојбата со скринингот и добиените резултати до Министерство за здравство. |
| **Агенција за поддршка на претпремништвото** | Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2022 година | 21.900.000,00 денари | Потрошени средства за реализирани активности од областа на родовата рамноправност и извор на средства со Буџетот на АППРСМ: од вкупно средства 21.900.000,00 денари потрошени за жени во 2022 година се 8.399.750,00 денари:<br>-Поддршка за самовработување (претприемништво):<br>Во текот на 2022 година изработени се 1169 бизнис планови за носители-мажи клиенти и 740 бизнис планови за носители-жени клиенти.За жени носители - клиенти потрошени се вкупно 7.326.000,00 денари.<br>-Ваучерски систем на советување:Во 2022 година се издадени вкупно 54 ваучери за 38 клиенти во вкупен износ од 1.127.266,00 денари од кои 1.033.950,00 за МСП и 93.816,00 за невработени лица.Од вкупните 54 ваучери, 20 ваучери (за 12 клиенти) се за жени на вкупен износ од 327.750,00 денари или 29%.<br>-Стандардизирани менторски услуги:Во оваа програмската активност во 2022 година значајно е дека обучени се 3 жени ментори, менторирани беа 48 компании, од кои според староста 20 компании се новоформирани, а 28 компании се постоечки, т.е. функционираат на пазарот повеќе од три години. Од наведените 21 менторирани компании се раководени од страна на жени претприемачи. За оваа активност за жени се потрошени 630.000,00 денари.<br>-Обуки за женско претприемништво:Во програмската активност во 2022 година беа организирани две обуки за жени претприемачи и жени потенцијални претприемачи, со вкупен опфат на 43 учеснички.За оваа активност потрошени се 116.000,00 денари. |
| **Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство** | Програма за финансиска поддршка во руралниот развој | 545.773.093 денари[2] | -Мерка 115 "Поддршка за активен женски член во земјоделското домаќинство". Оваа мерка е исклучиво наменета за жени земјоделци со максимален износ на поддршка со износ од 360.000 денари по корисник, а истата е во согласност со член 92 од Законот за земјоделство и рурален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19, 27/19 и "Службен весник на Република Северна |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Македонија" бр. 152/19, 244/19, 275/19, 110/21 и 123/22) и член 2-а од Правилникот за поблиските критериуми за избор на корисници по мерките за рурален развој ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/11, 80/13, 35/16, 101/17, 162/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 100/19, 215/19, 24/20,96/21, 276/21, 91/22 и 113/22).<br>- Со мерката 113 "Поддршка за поттикнување на земјоделско производство" мерката 121 "Инвестиции за модернизација на земјоделски стопанства" и мерката 131 "Економско здружување на земјоделски стопанства за заедничко вршење на земјоделска дејност" но само за инвестиции за набавка на земјоделска механизација, жените земјоделки имаат можност да добијат повеќе бодови при рангирање на барателите за финансиска поддршка доколку бараниот вкупен износ по мерка е поголем од оној износ што е планиран во Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој.<br>Според Единствениот регистар на земјоделски стопанства –носители, од вкупен број на земјоделски стопанства 128.989 , женски носител на земјоделско стопанство се 29153, односно 22,6%. |
| **Министерство за внатрешни работи** | Борба против трговија со луѓе | | -Во рамките на буџетот на МВР на Република Северна Македонија преку буџетската програма Г2 се обезбедени средства за програмата "Борба против трговија со луѓе и илегална миграција", а воедно бидејќи повеќе организациски единици во рамиките на МВР се вклучени во активности за спроведување на програмата за таа намена се реализираат средства и со други програми од буџетот на МВР како и добиени донации;<br>-Националната комисија врз основа на Националната Стратегија и Националниот акциски план за борба против трговија со луѓе и илегална миграција 2021-2025 година, на седницата одржана на ден 11.04.2022год. донесе Решение за формирање на Оперативен тим за координација, следење и управување со случаи на трговија со луѓе, формална идентификација на жртвите и нивен статус (Оперативен тим) со бр. 10-279/1 од 19.04.2022 година. Врз основа на Решението на Комисијата, на состанокот одржан на 26.09.2022 година, Националната Комисија усвои Деловник за работење и постапување на Оперативниот Тим. Деловникот стапи во сила на денот на негово потпишување од страна на членовите, односно на прв иот состанок кој се одржа на 17.10.2022 година. Задача на Оперативниот Тим е да ги координира и следи случаите на трговија со луѓе и врз основа на спецификите на кривично правниот настан го дефинира статусот и врши формална идентификација на жртвите;<br>-По идентификуваните случаи од страна на МВР, поднесени се 5 известувања до ОЈО и 6 кривични пријави против 19 лица (6 женски и 13 машки);<br>-Во 2022 година, за разлика од претходните години забележани се позитивни резултати во откривањето на случаи и кривичните дела трговија со луѓе и трговија со дете. Од страна на НЕСКМТЛ спроведени се 6 реактивни истраги;<br>-Во текот на 2022 година, од страна на институциите и Оперативниот Тим задолжен за формална идентификација, идентификувани се 9 жртви на трговија со луѓе, од кои 8 женски и 1 машко лице. |
| **Министерство за надворешни работи** | Админист рација | 948.910 денари | -Статистичките податоци за 2022 на вработени дипломати покажуваат дека бројот на мажи ( 154) е поголем на сите нивоа , а евидентна е разликата особено во повисоките звања, каде жените (104) се далеку помалкубројни;<br>- Заклучно со 31.12.2022 година дипломати на мандат во ДКП се 147 дипломати, 59 се жени од кои 11 се амбасадорки.<br>- Во 2022 година, од 87 учесници на обуки организирани од Дипломатската академија,44 се жени, додека мажи се 43;<br>- Одржана е меѓународна конференција ,, Жената во надворешната политика‘‘на која фокусот беше улогата на жените во надворешната политика, како и потербата од зголемување на нивното учество во процесите на донесување одлуки. |

## 3. Медиуми

Медиумите, како мост помеѓу институциите и јавноста, можеби, ја имаат најголемата улога во спроведувањето, промоцијата и негувањето на родовата еднаквост, односно на родовоеднаквите можности на населението во Република Северна Македонија.

Агенцијата за аудио- и аудиовизуелни медиумски услуги за подигање на свеста кај сите инволвирани општествени страни во државата, преку Регулаторната стратегија за периодот од 2019 до 2023 година, ги адресира сите клучни прашања за засегнатите страни во медиумската дејност, во којашто најпрво се означени и анализирани состојбите во повеќе области, и врз основа на добиените сознанија се предвидени конкретни активности со коишто таа јасно ќе ја позиционира својата улога како регулатор во поттикнувањето на развојот на дејноста..

Во 2022 година, годишната анализа на третманот на родовите прашања и претставувањето на жените и мажите по повеќе години се навраќа на забавните програми за да се провери каква е состојбата со родовите теми и присуството/третманот на жените и мажите во нив. Овие анализи даваат увид во присуството и начинот на обработка на родовите прашања, прифаќањето на родот како релевантен новинарски аспект за обработка на сите актуелни теми од страна на медиумските професионалци, дали и кои стереотипи се присутни во медиумите.

Освен ова, Агенцијата изработува и анализи кои содржат показатели за полот кај сопствениците и кај вработените во радијата и телевизиите.

На крајот на 2022 година беше изработена посебна веб страница www.rodotimediumite.mk која претставува надградување на досегашниот посебен дел од веб страницата на Агенцијата посветен на родот во медиумите. Страницата беше официјално промовирана во февруари 2023 на заеднички настан на МТСП и АВМУ, наменета е и за медиумските професионалци и за граѓаните/ките воопшто и е достапна и за лицата со сетилна попреченост.

Изработката на истражувањето „Родот во медиумите 2021: Родовите прашања и начинот на претставување на жените и мажите во спортската програма на националните терестријални телевизии", беше финализирана во почетокот на 2022 година. Неа ја спроведе Институтот за истражување на општествениот развој РЕСИС, избран на јавна набавка, кој своите обврски ги заврши со официјалното презентирање на наодите на првиот јавен состанок на Агенцијата за 2022 година, којшто се одржа (онлајн) на 28 март. Ова истражување беше отпечатено и доставено до сите релевантни субјекти и објавено и во онлајн и во печатена верзија.

Се спроведуваше истражувањето Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите за 2022 година спроведено врз примерок од забавни емисии емитувани на девет национални телевизии и изработено од Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје. Беше финализирано на почетокот на 2023 година и промовирано на првиот јавен состанок на АВМУ за 2023.

Согласно обврските од НАП-от за Истанбулската конвенција, Агенцијата, на 9 јуни, реализираше Работилница за медиумски професионалци: Родово заснованото насилство и професионалните стандарди за новинарско известување" со претставници од националните радија и телевизии. Работилницата беше реализирана во соработка со невладиониот сектор и со независна експертка.

Агенцијата и во 2022 година ја продолжи соработката со организациите од невладиниот сектор, која овозможува инклузивност и координиран пристап во процесот на подигнување на свеста за родовите прашања во сите релевантни сфери.

Генерално, може да се заклучи дека во дел од анализираните телевизиски програми отсуствува родова сензитивност, додека пак наспроти тоа, забележани се содржини во кои се преиспитуваа традиционално поставените родови улоги и норми, а жените се промовираа во различните општествени сфери.

Кога станува збор за програмите со забавна функција, жените беа ангажирани почесто како уреднички или како водителки и новинарки во емисиите отколку мажите. Во однос на гостите/гостинките или соговорниците/соговорничките претставени во овие емисии постоеше изедначеност помеѓу мажите и жените. Сепак, анализата на времетраењето на говорот на соговорниците/соговорничките покажа дека за мажите беше одвоен поголем простор. Со други зборови, мажите почесто отколку жените беа активниот агенс во поглед на изразеното мислење и говор.

Од друга страна, пак, анализата на визуелното прикажување, покажа дека на жените им се даваше мала предност споредбено со мажите, односно дека жените беа почесто визуелно застапени во прилозите. Прикажаните мажи беа најчесто лица од повозрасната категорија, а жените доминираа во помладите возрасни категории.

Сето ова укажува на важноста што се придава на мислењето на мажите – особено на постарите и поискусните мажи, но и важноста што се придава на визуелната претставеност на жените, односно помладите жени.

Анализата, исто така, покажа дека конкретно, родовите прашања и теми, не беа привлечни при обмислувањето на забавните емисии. Повеќе се инсистираше на „ексклузивност“ и „традиционалност“.

Родовите релации и теми најмногу беа обработени во две емисии од странско производство – Република Србија и Република Турција, како и во една емисија од домашно производство. Во овие емисии, во одредена мера беа отсликани традиционалните и стереорипните општествени конструкти, со цел за зголемување на гледаноста. Но, во нив дополнително можеше да се забележи и одредено преиспитување на родовите улоги и општествени норми.

Во некои емисии, пак често можеше да се забележи однос помеѓу водител(к)ите и соговорниците/соговорничките кој укажуваше на блискост и пријателство. Всушност, во овие односи се пресликуваше говорот што луѓето го користат во приватната сфера, во затворените кругови на блиски пријатели. Но, кога тоа ќе се преслика и во јавниот говор, во медиумите, тогаш одговорноста е поинаква. Во овие разговори неретко можеа да се слушнат стереотипни и традиционални ставови и вредности, што пак укажува на ставовите кои циркулираат на општествено ниво. Овие содржини ја зголемуваат гледаноста, но тоа често оди и на штета на афирмација на родовата еднаквост.

Во поглед на анализата на родовиот дискурс, се забележуваше поприлична шареноликост – од патријархални и стереотипни дискурси, преку родово слепило и неутралност, до афирмативни дискурси кон родовата рамноправност. Иако генералниот заклучок кој се однесува на еден ваков голем примерок е дека повеќето од содржините беа родово неутрални, сепак можеа да се забележат и двете крајности – на содржини со впечатливо традиционални аспекти и со впечатливо прогресивни и современи ставови во поглед на родовата рамноправност. Во содржините кои беа афирмативни кон родовата рамноправност често можеа да се забележат преиспитувања на традиционалните родови улоги, промоција на женското учество во сите општествени сфери обработка на сензитивни теми како родово заснованото насилство и сл.

Родовите улоги во кои најчесто беа претставени мажите и жените беа оние на професионалци/професионалки, естрадни лица, но беа застапени и општествените и семејни улоги на гостите/гостинките, особено кај лицата што не беа дел од јавниот живот. Генерално гостите/гостинките, односно и мажите и жените, беа претставени како активни и успешни, но кај одредени емисии имаше и прикажување кое е традиционално во поглед на патријархалните норми.

Иако станувaше збор за емисии со забавна функција, за кои постои впечаток дека придаваат поголемо внимание на физичкиот изглед, општиот заклучок е дека анализираните емисии најчесто не придаваа важност на физичкиот изглед на мажите и жените доколку тоа не беше релевантно за ситуацијата. Како и во претходниот случај, постојат исклучоци во поглед на ова кај одредени емисии, односно се јавуваше истакната важност на надворешниот изглед кај жените, особено во емисиите кои се однесуваа на модата и музичките емисии. Сепак, генерално, од целокупниот примерок, не беше забележано истакнато објективизирачко прикажување на телата на жените и мажите.
Во однос на вклученоста на маргинализираните групи во темите, може да се заклучи дека тие беа минимално или речиси незабележително присутни во содржините на емисиите од забавен карактер.

**4. Механизми на заштита**

- ***Народен правобранител***

Во 2022 година , со посебно внимание Народниот правобранител (https://ombudsman.mk/CMS/Upload/NarodenPravobranitel/upload/Godisni%20izvestai/GI-2022/GI-2022.pdf) постапуваше по претставките кои се однесуваат на заштита од семејно насилство, со оглед дека борбата против оваа појава претставува сериозен предизвик за целото општество, особено за институциите кои се најповикани да го третираат и да го казнуваат овој сериозен проблем/престап. Оттука, Народниот правобранител смета дека за успешна борба против семејното насилство неопходно е да се постапува итно, неодложно и сериозно кон секоја пријава за семејно насилство, и при тоа во целост да се применуваат одредбите од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, како и континуирана и ефикасна соработка меѓу центрите за социјална работа, полицијата, јавното обвинителство и судовите како за превентивно делување, но и за казнување на сторителите на кривичните дела поврзани со семејно насилство. Во оваа насока, неопходно е и охрабрувањето и поддржувањето на жртвите за пријавување на случаите на насилство. Изминатата година, голем број граѓани се соочија со проблем при остварување на право од областа социјална заштита и сигурност, конкретно при добивање на социјалната помош, од причина што системот на поврзаност помеѓу Агенцијата за катастар на недвижности и Центрите за социјална работа (преку кој се обезбедуваа неопходните документи) не функционираше повеќе од два месеца, со што оваа категорија на граѓани беше оставена без средства за егзистенција, состојба која е недопустлива и не смее да се повтори.

Во текот на 2022 година, во областа социјална заштита и сигурност вкупно се примени 151 претставка, што е за 32 претставки помалку во однос на претходната година. Најголем број од претставките се однесуваат за остварување на паричните права од социјална заштита, како што е правото на надоместок за помош и нега од друго лице (55), гарантирана минимална помош (46), право на еднократна парична помош (4), право на надоместок заради попреченост (4), право за надоместок за плата за скратено работно време (2), и право на траен надоместок (1). Додека (12) претставки се однесуваат за остварување на правото на социјална сигурност за стари лица и (4) за остварување на право за социјалните услуги, од кои услуги во домот (2), услуги вон семејна заштита и сместување во установа (1) и услуги за стручна помош и поддршка (1). Во извештајната година (6) претставки се однесуваат за заштита од семејно

насилство, од кои 3 се однесуваат за заштита од насилство на дете (ќерка/син) врз родител и 3 претставки за насилство на сопруг врз сопруга.

Изминатата 2022 година забележан е зголемен број на претставки кои се однесуваат на заштита од дискриминација (76), 33 повеќе од 2021 година. Притоа, примените претставки и предметите кои се отворени по сопствена иницијатива во најголем број се однесуваат на дискриминација во областа работа и работни односи, дискриминација при пристап до добра и услуги, дискриминација во подобластите правосудство и управа, домување, образование, наука и спорт, социјална сигурност и заштита, јавно информирање и медиуми и сл.

- ***Комисија за спречување и заштита од дискриминација (КЗСД)***

Во случаите на утврдена дискриминација во 2022 година (https://kszd.mk/wp-content/uploads/2023/05/%D0%93%D0%BE%D0%B4%D0%B8%D1%88%D0%B5%D0%BD-%D0%98%D0%B7%D0%B2%D0%B5%D1%88%D1%82%D0%B0%D1%98-2022.pdf) констатирана е повреда на правото на еднаквост врз 22 различни основи (сите освен основата „државјанство“) и тоа во следните области:

- 37 во јавното информирање и медиуми
- 15 во работата и работните односи
- 10 во пристапот до добра и услуги
- 6 во образованието
- 2 во здравствено осигурување и здравствена заштита
- 1 во спортот
- 1 во дејствување на здруженија, фондации или други организации засновани на членство

Во 2022 година до Комисијата поднесени се 248 претставки за заштита од дискриминација, од кои 157 од физички лица и 91 од страна на правни лица. Споредено со претходната 2021 година, кога беа примени 86 претставки од страна на физички и правни лица, бројот е зголемен за дури 162, што претставува пораст од 188,37%. Поведени се и 7 постапки за заштита од дискриминација по службена должност. Споредено со претходната 2021 година, кога беа поведени 4 постапки, бројот е зголемен за 75%. Кумулативно, кога ќе се земат во предвид сите предмети за заштита од дискриминација, односно примените претставки и поведени постапки по службена должност, во 2022 година регистрираме 255 предмети, што споредено со 90 во 2021 година претставува зголемување за 165 предмети, или пораст од 183,33%

Од вкупно 157 физички лица кои поднеле претставки за заштита од дискриминација во 2022 година, 15 не се изјасниле за нивната припадност по пол. Од оние кои се изјасниле 60 биле жени, а 82 мажи.

Во однос на националната припадност, 68 подносители не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле, најмногу претставки се поднесени од граѓаните Македонци (48), по што следат граѓаните кои се припадници на албанската етничка заедница (14), потоа граѓаните од бугарска припадност (8), припадниците на српската етничка заедница (4), турската етничка заедница (3) итн. Според возраста најмногу претставки поднеле граѓани на возраст од 41-50 години, потоа граѓаните на возраст од 31-40 години и граѓаните на возраст од 51-60 години. Податок за возраст не доставиле 50 подносители на претставки.

Најголем број претставки за заштита од дискриминација во 2022 година биле поднесени од граѓани и организации со седиште во Скопје (151 претставки, или 61%). Потоа следат

општините Битола (18 претставки), Штип (14 претставки), Велес (7 претставки) и Куманово (5 претставки).
Анализата на податоците покажува дека жените најчесто пријавувале дискриминација во областа на работата и работните односи (36 претставки), по што следат областите социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита (7 претставки) и областа пристап до добра и услуги (6 претставки) итн. И мажите најчесто пријавувале дискриминација во областа на работните односи (42 претставки), а потоа пристап до добра и услуги (11 претставки) и областите образование, наука и спорт (7 претставки) и социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита пензиско и инвалидско осигурување здравствено осигурување и здравствена заштита (7) итн.
Анализата на податоците исто така покажува дека и кај мажите и кај жените најчесто пријавена основа за дискриминација била националната или етничката припадност, кај жените во 17 претставки, а кај мажите во 25 претставки. Во однос на останатите основи на дискриминација, кај жените најзастапени биле личното својство и општествен статус (14 претставки), политичкото уверување (11 претставки), пол (8 претставки) и друга основа (8 претставки), а кај мажите, тоа се друга основа (17 претставки), лично својство и општествен статус 13 претставки), политичко уверување (11 претставки) и социјално потекло (10 претставки).

## 5. Развојот на родовата еднаквост на локално ниво

На локално ниво, во согласност со ЗЕМЖМ, формирани се **комисии за еднакви можности на жените и мажите** во општинските совети и назначени се координатор(к)и за еднакви можности на жените и мажите во општинската администрација. Членовите на КЕМ во општините се избраните советници и составот се менува секои четири (4) години. Генерално КЕМ имаат многу ниско годишно ниво на реализација на одржани состаноци. Поголем дел од ЕЛС одржуваат само еден или два состаноци годишно , а има и ЕЛС кои воопшто не се состануваат .
Во иднина се препорачува одржување на координативни состаноци со координаторите, заменици координатори или помеѓу членови на КЕМ од различни општини, со цел меѓусебно запознавање и превземање заеднички иницијативи за реализирање на програмите, односно Законот за еднакви можности .
Кај дел од ЕЛС се забележува вметнување на посебна ставка за еднакви можности во буџетот на ЕЛС за 2022 година што е добар пример и овозможува напредок на полето на ЕМ. Повеќето општини изработуваат Годишна програма за работа, имаат Стратегии за родова еднаквост и акциски планови за спроведување на стратегиите .
Слично со состојбата на централно ниво, и во општините, координатор(к)ите се соочуваат со многубројни предизвици во однос на перципирањето на ова работно место како „женски“ домен, градењето на капацитетите и квалификациите на назначените лица, нивните овластувања и соработката со останатиот дел од општинската администрација.
Својствено за повеќето општини е тоа што надлежностите на координатор(к)ите и на заменик-координатор(к)ите за еднакви можности на жените и мажите, не се утврдени со актот за систематизација на работните места во единиците на локалната самоуправа. Важно е да се напомене дека МТСП континуирано работи на јакнењето на капацитетите на координатор(к)ите и заменик-координатор(к)ите за еднакви можности на жените и мажите на општините, со тоа што организира обуки за родова еднаквост, недискриминација или трговија со луѓе жртви.

Единиците на локална самоуправа најчесто спроведуваат програмски мерки, за разлика од охрабрувачките и позитивните мерки.
Во 2022 година, од 81 општина, само 73 општини доставиле годишен извештај, и со тоа ја исполниле законската обврска во согласност со ЗЕМЖМ.

Добри примери од ЕЛС:

Во „2022 година како добар пример може да се посочи потпишувањето на **Декларација за заемна соработка на Комисите за еднакви можности на жените и мажите од четири општини: Виница, Гевгелија, Кавадарци и Струга**. Со овој документ, овие општини декларираат дека со идна меѓусебна соработка ќе дејствуваат и ќе се залагаат за промовирање и примена на еднакви права и можности помеѓу мажите и жените, еднаков пристап до услугите и добрата, заштита и спречување на дискриминација по родова основа и забрана за родово базирано насилство. Декларацијата претставува проглас за заложбите на овие комисии, при што ја изразуваат волјата за интензивна соработка во напорите и активностите на општините кон подобрување на состојбите на жените и девојчињата.

**Општина Демир Капија** има воведено постојано следење на програмите и извештаите на институциите под надлежност на локалната самоуправа за спроведување и унапредување на принципот на еднакви можности и исто така принципот на еднакви можности е воведен при спроведување на проекти од областа на социјалата ˝**Општинско корисна работа˝.** Проектот е финансиран од UNDP. Општината има финансиско учество во формирањето на првиот регионален советувалишен центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство со седиште во Кавадарци во чие што формирање учествуваат општините Кавадарци, Неготино, Росоман и Демир Капија. Општина Демир Капија учествува со износ од 82.738,00 денари. Центарот започна со работа 02.09.2022 година. Организирана е трибина во соработка со советувалишниот центар за помош и поддршка на жртви на родово базирано и семејно насилство каде што лицата жени и мажи од градската и руралните средини се запознаа со можностите кои што ги нуди овој центар кој е прв од ваков вид во државата. Како добар пример по иницијатива на КЕМ на општина Демир Капија може да се посочи изработката на автобуски стојалишта за мажите и жените во руралните заедници (с.Корешница,с.Бистренци и с.Прждево).

**Општина Кочани** во 2022 година реализираше пет вида обуки за економско јакнење на жените: за развој на вештини и знаења за дигитален маркетинг, онлајн продажба и употреба на дигитални технологии; развој на бизнис-идеја и бизнис-план; претприемништво и менаџерски вештини и обука за основни вештини за вработување. Исто така, со посебен повик беше реализирана обука на жени за брендирање, пакување и продажба на земјоделски производи, се стекнале со сертификати 20 жени од Кочани. Исто така, со посебен повик беше реализирана обука на жени за брендирање, пакување и продажба на земјоделски производи. Обуките се реализираа во соработка со UN Women и со Фондацијата ЦЕЕД Македонија, како дел од проектот на UN Women „Промовирање на родово-одговорни политики и буџети: кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Република Северна Македонија“, финансиски поддржан од Швајцарија и Шведска .Исто така потпишан е Меморандум за соработка со Националната платформа за женско претприемништво; Одржан е регионален форум за женско претприемништво; промовирана најуспешната жена претприемач наградена со Националната годишна награда за микрокомпании.

**Општина Крива Паланка** спроведе **РОДОВО ОДГОВОРЕН БУЏЕТСКИ ФОРУМ** за подготовка на буџетот на општината за 2023 година. Таа е прва меѓу единиците на локална самоуправа во Република Северна Македонија која реализираше родово одговорен буџетски форум. На **првата форумска сесија** присуствуваа вкупно 69 граѓани од кои 45 жени и 24 мажи. На **втората**

**форумска сесија** присуствуваа вкупно 54 граѓани од кои 39 жени и 15 мажи.На **третата форумска сесија** присуствуваа вкупно 51 граѓани од кои 37 жени и 14 мажи.На **четвртата форумска сесија** присуствуваа вкупно 55 граѓани од кои 39 жени и 16мажи.

**Општина Кавадарци во текот на 2022 година спроведе** Кампања за спречување на насилство врз жената. Општината се јавува како Организитор на меѓуопштинска конференција за добри практики на Комисиите за еднакви можности и меѓусебна соработка со цел да се воспостават родово сензитивни локални самоуправи. Одржани се 4 работни форумски сесии со жени од разни месни и урбани заедници со цел стимулирање на жените да се пријавуваат на јавни повици за претседателки на месни и урбани заедници

**Објавени се два јавни повици** , еден за субвенционирање на стари занаети и занаетчиски дејности во изумирање ( поттикнување на жени за аплицирање на јавниот повик) и втор за членство во доброволно противпожарно друштво ,,Сашко Гешковски" ( Стимулирање на жени да се пријават на јавниот повик). Исто така потпишана е заложба за унапредување на родовата еднаквост и елиминирање на насилството врз жените во политиката од страна на сите советници на Општина Кавадарци. Општината забележува напредок во давање на финансиска поддршка на невладиниот сектор, на жени управителки на здруженија, односно 5 жени управителки на здруженија и 7 мажи управителки. Зголемен е бројот на жени управителки на здруженија кои добиле финансиска поддршка од општината и кои делуваат во локалната заедница.

**Општина Центар , во 2022 година посвети внимание на** изградба на капацитетите на невработени лица со вештини неопходни за пазарот на трудот. Во таа насока: 40 невработени жени преку онлине обуки се обучија за користење на алатки за обука за развој на претприемачи и менаџерски вештини, дигитален маркетинг и онлајн продажба, обука за развој на бизнис идеја и бизнис план. 15 невработени жени со физичко присуство посетуваа обуки за фризери, шивачки и масерки. Сите 55 учеснички на обуките добија меѓународно признати Сертификати од страна на CEED Macedonia и UN WOMEN кои ќе им помогнат во понатамошното пронаоѓање на работа односно отворање на сопствен бизнис.

**Општина Кисела Вода** издвојува финансиски средства за спортски клубови преку јавни конкурси и потикнување на женските спортски клубови од кои два се водечки во прва лига во државата ,, ЖКК Бадел,, : ,,ЖОК Јанта Волеј,, и ,,ЖФК Скопје,,.

**Општина Аеродром** обезбедува финансиската поддршка на училишниот спорт кој овозможува зголемен број на ученици кои се дел од истиот. Во текот на 2022 година во училишните спортови биле запишани 395 ученици од кои 182 девојчиња (46%) и 213 машки (54%). Бројот на запишани девојчиња во училишниот спорт од вкупно запишани ученици во 2022 година е околу 20%, а машки околу 17%, што значи дека девојчињата покажуваат поголем интерес за училишен спорт.

**Општина Берово во текот на 2022 година** спроведе 3 инфо сесии за ИПАРД за жени во 3 села со цел Зголемено знаење за пријавување на ИПАРД меркитеи зголемен процент на пријави од жени земјоделки

**Општина Гевгелија,** во соработка со Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, ЈОУ Дом на култура „Македонија"- Гевгелија и ЈОУ Градска библиотека „Гоце Делчев"- Гевгелија, распиша Конкурс за есеј и Ликовен конкурс на тема: „Женски права", како реализација на една од активностите од Програмата на Општина Гевгелија во областа на еднаквите можности на жените и мажите. Конкурсот за есеј на тема: „Женските права во 21 век" беше наменет за учениците од I до IV година во СОУ „Јосиф Јосифовски"- Гевгелија, додека Ликовниот конкурс на тема: „Женски права", беше наменет за ученици од VI до IX одделение, во гевгелиските основни училишта.

**Општина Ѓорче Петров** во 2022 година организираше Ликовен и литературен конкурс на тема ,, Со љубов против насилството,,

Општина Делчево има преземено посебни охрабрувачки и тоа вклучување и учество во УО/надзорните одбори, комисиите и работните тела кои се формираат од страна на

Градоначалникот и Советот на општината, на лица од помалку застапениот пол, Истата се мери со број на именувани жени во комисиите и работните тела. Општина Делчево во текот на 2022 година спроведе менторската програма за работа на КЕМ, со помош на UN Women и ЦРПМ. Целта на менторската програма е да се изградат вештини и да се поддржи локалната администрација и КЕМ во дизајнирањето политики и буџети кои се свесни за родовите, да изградат институционални механизми за координација на родовата еднаквост на локално ниво и да воспостават капацитети за следење и евалуација на постигнувањето на целите на родова еднаквост.

**Општина Карпош** формираше Локален Совет за Женско претприемништво кој го сочинуваат градоначалникот на Општина Карпош, сите советнички од локалната самоуправа, координаторот и заменик координаторот за еднакви можности, претставник на Националната платформа за женско претприемништво, како и претставнички од граѓанскиот, образовниот и бизнис секторот од општината.

**Општина Струмица** во 2022 година организираше промоција на успешни жени како модел/пример за добри практики .Исто така општина Струмица објави "Јавен повик за ослободување од плаќање на надомест за престој на деца за самохрани родители во ЈОУДГ "Детска радост" Струмица. Право на партиципација во јавна установа за деца – „Детска радост" Струмица имаа самохрани родители кои земаат плата пониска од просечната месечно исплатена нето плата на ниво на Република Северна Македонија или невработени лица и живеат на територија на општина Струмица. На јавниот повик се пријавија 21 самохрани родители од кои 20 ги исполнуваа условите за да бидат ослободени од плаќање. Донесена е мерка за Промоција на девојките во нетипични спортови во училиштата "Да, и девојките играат фудбал". Женскиот фудбалски клуб "Тиверија" секојдневно се бори со нееднаквоста во спортот посебно во фудбалот кој е нетипичен спорт за девојчиња и токму од овие причини е битна поддршката од страна на општината во рушењето на родовите стереотипи и предрасуди. И во 2022 година продолжи финансиската поддршка на шелтер центар за згрижување на жени и деца жртви на семејно насилство. Општина Стерумица е прва општина во Република Северна Македонија која од сопствени финансиски средства отвори "**Шелтер центар за згрижување и заштита на жртвите на семејно насилство во Општина Струмица".** Препознавајќи ја потребата од згрижување на жени и деца жртви на семејно насилство од сопствен буџет О.Струмица издвојува финансиски средства од 1.000.000,00 денари за шелтер центар за жени жртви на семејно насилство.

**Општина Чаир** и во 2022 година ја продолжи соработката со Институтот за мода „Изет Цури" со диплома за професионален дизајнер се стекнуваат годишно по 10 жени од општината што води кон можноста да отворат нивен приватен бизнис. Исто така од страна на општината беа подржани 5 женски НВО, 1 женски спортски клуб и 10 жени креаторки дизајнерки и учество на 3 жени занаетчии на Саем „Трешња" во Мостар.

## 6. Заклучоци и препораки

Врз основа на горе наведената состојба во 2022 година мпоже да се констатираат следниве генерални заклучоци во областа на родовата еднаквост:

- Потреба од континуирано подигање на свеста кај јавноста во поглед на важноста на родовите прашања за подобрување на состојбите со еднаквите можности на жените и мажите;
- Недоволно вклчување на родовиот концепт во политиките за намалување на родовиот јаз во јавниот и приватниот живот;
- Недоволна примена на посебните мерки за воспоставување на еднакви можности на жените и мажитна од администрација на централно и локално ниво;

- Потреба од поголема координација и вмрежување на Комисиите за еднакви можности на локално ниво и зголемување на бројот на состаноци на годишно ниво;
- Потреба од зголемување на свеста и активно вклучување во намалувањето на влијанието на климатските промени од родов аспект на централно и локално ниво;

**Врз основа на заклучоците може да се извлечат следниве препораки:**

- Спроведување на Стратегија за родова еднаквост 2022 – 2027
- Спроведување на националниот акциски план за Стратегијата за родова еднаквост 2022-2024
- Спроведување на препораките од извршената родова ревизија на успешност од страна на Државниот завод за ревизија
- Усвојување на Предлог-законот за родова еднаквост ;
- Унапредување на националната машинерија за родова еднаквост;
- Редовно доставување извештаи за преземените активности и постигнатиот напредок за воспоставување еднакви можности на жените и мажите од институциите и ЕЛС во РСМ;
- Континуирано подигање на свеста за важноста на родовата еднаквост во РСМ;
- Изработка и спроведување на детални анализи на состојбата, прашањата и проблемите, кои се однесуваат на родовата нееднаквост во различни области и подготовка на програми со мерки и активности за унапредување на состојбата;
- Континуирана сензибилизација и едукација на претставниците од ОДУ и ЕЛС за потребите од иницирање и предлагање активности поврзани со климатските промени и нивно генерално влијание, но и во областа на родот и климатските промени;

**Анекс-листа на ОДУ и ЕЛС кои доставиле годишни извештаи до Министерството за труд и социјална политика за 2022 година**

За 2022 година, годишни извештаи доставиле следните органи на државната управа (ОДУ) и единици на локалната самоуправа (ЕЛС):

| Реден број | Единици на локалната самоуправа | Органи на државната управа |
|---|---|---|
| 1. | Демир Капија | ЈУ Завод за социјални дејности |
| 2. | Кочани | Геолошки завод на РСМ |
| 3. | Кривогаштани | Агенција за храна и ветеринарство |
| 4. | Крива Паланка | Агенција за планирање на просторот |
| 5. | Кавадарци | Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер |
| 6. | Вевчани | Државен завод за статистика |
| 7. | Пласница | Агенција за поддршка на претприемништво на РСМ |
| 8. | Врапчиште | Министерство за транспорт и врски |
| 9. | Градско | Министерство за одбрана |
| 10. | Македонски Брод | Генерален секретаријат |
| 11. | Град Скопје | Центар за управување со кризи |
| 12. | Конче | Агенција за администрација |
| 13. | Ранковце | Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи |
| 14. | Брвеница | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој |
| 15. | Струга | Институт за јавно здравје |
| 16. | Центар - Скопје | Министерство за внатрешни работи |
| 17. | Гевгелија | Центар за стручно образование и обука |
| 18. | Пехчево | Државен архив на РСМ |
| 19. | Теарце | Министерство за економија |
| 20. | Пробиштип | Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството |
| 21. | Берово | Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги |
| 22. | Аеродром | Биро за развој на образованието |
| 23. | Крушево | Министерство за финансии |
| 24. | Штип | Министерство за правда |
| 25. | Центар Жупа | Министерство за информатичко општество и администрација |
| 26. | Виница | Министерство за образование и наука |

| | | |
|---|---|---|
| 27. | Сарај | Министерство за култура |
| 28. | Кисела Вода | Министерство за економија |
| 29. | Старо Нагоричане | Министерство за надворешни работи |
| 30. | Чаир | Министерство за здравство |
| 31. | Делчево | Министерство за политички систем и односи меѓу заедниците |
| 32. | Ѓорче Петров | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| 33. | Јегуновце | Државен завод за ревизија |
| 34. | Лозово | |
| 35. | Карпош | |
| 36. | Свети Николе | |
| 37. | Неготино | |
| 38. | Струмица | |
| 39. | Желино | |
| 40. | Боговиње | |
| 41. | Дебар | |
| 42. | Велес | |
| 43. | Делчево | |
| 44. | Гази Баба | |
| 45. | Ново Село | |
| 46. | Босилово | |
| 47. | Могила | |
| 48. | Валандово | |
| 49. | Тетово | |
| 50. | Желино | |
| 51. | Ресен | |
| 52. | Маврово и Ростуше | |
| 53. | Дебрца | |
| 54. | Радовиш | |
| 55. | Охрид | |
| 56. | Василево | |
| 57. | Гостивар | |
| 58. | Битола | |
| 59. | Кратово | |
| 60. | Росоман | |
| 61. | Демир Хисар | |
| 62. | Гостивар | |
| 63. | Битола | |
| 64. | Неготино | |
| 65. | Василево | |
| 66. | Новаци | |
| 67. | Зелениково | |
| 68. | Богданци | |
| 69. | Штип | |
| 70. | Прилеп | |
| 71. | Кичево | |
| 72. | Чашка | |
| 73. | Илинден | |
| 74. | | |
| 75. | | |
| 76. | | |
| 77. | | |
| 78. | | |
| 79. | | |
| 80. | | |